4.33. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 131

Се што не е дефинирано во општите и посебните услови за градба да се регулира согласно одредбите од соодветната законска регулатива.

1.ИЗВОД ОД ДУП “УЕ бр.55 и 56“(Зона на Образование и работна зона - Пребег)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5567/2 од 14.09.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 473

ДУП:" УЕ бр.55 и 56 "(Зона на

Образование и работна зона-Пребег

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-189/1 од 18.02.2003год.

Намена за градба:

Улица

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
  - Легенда
  - Табела

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

- Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица

- **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


СУ
ТР
АД
ЗО
МЛ
СР
СК
ЗЗ
ЛК
МС
ДИ
БУЛЕВАР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
подземен пролаз
граница на опфат

ЛЕГЕНДА

- - - - - - ОПФАТ НА ПЛАНОТ

——— ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

——— РЕГУЛАЦИОНИ ЛИНИИ

——— ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

H_B КОТА НА ВЕНЕЦ

НАМЕНА НА ПОВРШИНИТЕ

СУ — ЈАВНИ ОБЈЕКТИ СРЕДНО УЧИЛИШТЕ

Ф — ЈАВНИ ОБЈЕКТИ ФАКУЛТЕТ

МЛ — ЈАВНИ ОБЈЕКТИ МАГАЦИН ЗА ЛЕКОВИ

АД — ЈАВНИ ОБЈЕКТИ АДМИНИСТРАЦИЈА

У — КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ УГОСТИТЕЛСТВО

ЛК — ИНДУСТРИЈА ЛЕСНА КОНФЕКЦИЈА

ДИ — ИНДУСТРИЈА ДРВНА ИНДУСТРИЈА

ЛК — ИНДУСТРИЈА ЛЕСНА КОНФЕКЦИЈА

МС — МАЛО СТОПАНСТВО

СК — ДОМУВАЊЕ СЕМЕЈНИ КУЌИ

ЗО — ДОМУВАЊЕ ЗАЕДНИЧКИ СТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ

СР — СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

ЗЗ — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Урбан парцела	Предвидена дејност	Површина на парцела во м2	Површина за градба во м2	Процент на изграден. (%)	Коеф. на искорист.	Нмах Кота на венец м
1	РЕПЛЕК-(Магац. за лекови)	6046	2152	35.6	0.70	7.00
2	Угост.објект - (Македонска куќа)	832	224	26.9	0.54	7.00
3	ЕМУЦ Средно училиште	18150	9430	52		3.00-10.00
4	Угостителски објект	176.3	69	39	0.44	6.00
5	Угостителски објект	84	56.4	67	1.34	6.00
5а	Угостителски објект	89.3	56.4	63	1.26	6.00
5б	Трговија (Постоечки)	192	192	100	1.00	3.00
6	Станбена зграда	1104	352.4	31.9	0.64	7.00
7	Завод за вработување	3070	2190	71	1.43	7.00
8	Високо образование	15841	7746	48.9	1.46	7.00
9	Лесна конфекција	4586	2962	50.5	1.01	9.00
10	Лесна конфекција	2962	1672	29	0.58	9.00
11	ТП "ЕВРОПА" (магацин)	2484	683	27.5	0.55	7.00
12	ГП"Бетон"- магацин	3857	1353.5	35	0.70	7.00
13	Обработка на дрво-Мебел	20758	8500	41	0.82	7.00
14	Спорт и рекреација	63400	180			
15	Заштитно зеленило	23500				
40А	Семејна куќа	443	152	34.30	0.72	7.00
40Б	Семејна куќа	790	214	27.10	0.57	7.00
40	Семејна куќа	466	198	42.50	0.89	7.00
41	Семејна куќа	444	203	45.72	0.96	7.00
42	Семејна куќа	476.5	171	35.90	0.75	7.00
43	Семејна куќа	487	158	32.44	0.68	7.00
44	Семејна куќа	444	170	38.29	0.80	7.00
45	Семејна куќа	409	150	31.78	0.77	7.00
46	Семејна куќа	501.5	220	43.87	0.72	7.00
	Улици и паркинзи	34800				
	ВКУПНО	**207810м2**	**37602м2**			

Документациона основа

1.ВОВЕД

ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Генералниот урбанистички план на град Штип (ГУП) е донесен во почетокот на 2000 година. Пред, а особено во текот на донесувањето на ГУП се јави потреба од изработка на нови детални урбанистички планови (ДУП).

ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Изработката на ревизијата на ДУП на " урбанистички единици бр.55 и бр.56" (Зона на образование и работна зона - Пребег) се базираат на Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативив за уредувње на просторот (Службен весник на Р.М. бр.2/2002,), донесениот ГУП 2000 за Штип, и усвоената програма на Општината Штип за урбанистичко планирање каде како програмска задача за 2001 година беше и изработка на овој ДУП.

КРИТЕРИУМИ И МЕТОДИ НА РАБОТА

Основните критериуми вградени во урбанистичкиот концепт на ДУП се:

-создавање на единствена просторно-функционална и обликовна целина на подрачјето со посебен третман на обединување на постојните и новосоздадените објекти,

-рационалност и економичност на решенијата (оптимално користење на земјиштето),

-оптимално почитување на постојните објекти, парцели и сопственост,

-ефикасност и ефективност во функционирање на просторот.

ФАКТОРИ ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ

При урбанистичкото планирање еден од важните фактори за созда-вање на концепцијата на планот е анализата на постојната состојба.

Непостоење на континуирано следење на урбаното подрачје и систе-матизирано нанесување на сите промени во просторот, претставува голем фактор на ограничување на работата.

Втор важен фактор на ограничување представува немање на ком-плетен подземен катастар на сите инсталации со технички податоци за нив.

Со цел да се ублажат наведените фактори на ограничување извршени се одредени активности во текот на изработка на ревизијата на ДУП.

Во самиот почеток на работење извршена е реамбулација на геодетските подлоги кои се предуслов за отпочнување на изработка на деталниот урбанистички план.

ПЛАНЕРСКИ ПРИНЦИПИ

Општиот метод на работа при изработка на измените и дополнувањата на овој ДУП представува почитување и примена на низа норми и определби кои се последица на научни сознанија во областа на урбанизмот, планирањето, поставките и анализите од ГУП и степенот на економско-општествен развиток на градот, како и сознанијата за неговиот иден развиток.

Најважни принципи се следните:

-урбанистичкото планирање е дел од општествено-економското пла-нирање;

-урбанистичкиот план представува специфичен општествен договор меѓу сите корисници на просторот заинтересирани за развојот на тоа подрачје;

-урбанистичкото планирање е просторно истражување на идниот развиток на градот. Општествените цели се појдовна основа и контрола на процесот на изработка на планот. За дефинирање на тие цели постигната е перманентна соработка меѓу урбанистите планери и општествено-политичките структури, стопанските организации, Советот на општината преку негови служби и граѓани како индивидуални корисници на просторот;

-планирањето не е само цел за себе, тоа е синтеза на низа дејствија сврзани со уредување на просторот, планирање, организација, изградба, користење на просторот и повторно планирање;

-урбанистичкото планирање содржи во себе елементи на визија и за далечна иднина.

ОПФАТ НА ПЛАНОТ

Границата на опфатот на планот е определена по осовината на постоечкиот булевар "Гоце Делчев" почнувајки од пред раскрсницата пред угостителскиот објект "Мал одмор" во правец на северозапад, потоа оди по осовината на улица "Вељко Влаховиќ" према населбата "Пребег", доваѓа до раскрсницата со улицата "Скоевска" се движи по нејзината осовина доваѓа до "Брегалница",се движи узводно по реката, доваѓа до мостот, продолжува да оди по осовината на на булеварот "Гоце Делчев".и доваѓа до почетната точка .

Вкупната површина на просторот за разработка изнесува 20.78 ха.

РАБОТНИ ЗОНИ

Во ГУП се планирани три работни зонио - Индустриска зона "СЕВЕР"
Индустриска зона "ЗАПАД", и Индустриска зона "ЈУГ".

После раскрсницата "Мал Одмор" (сметанио од градот према излезот) од десната старна започнува просторот на кој со децении наназад се развиваше индустријата во градот. Не случајно постојните локалитети се покрај железничката пруга која во тие времиња беше единсттвено сретство за комуницирање во голем обем и на поголеми дистанци, а едновремено и значителен фактор за вкупниот развој. Во просторот од другата страна на булеварот се наоѓа постоечка локација за производство на дрво "Мебел" која егзистира од почетокот на формирање на индустриската зона. Во ГУП на тоа место е предвидена Работна зона во состав на Индустриската зона "СЕВЕР". Тој простор е предвиден да се разработи со овој ДУП.

2.АНАЛИЗА НА ПОСТОЈНАТА СОСТОЈБА

ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА

На просторот кој е во опфатот на овој ДУП уште од шеесетите години егзистираат постоечките локации - локација за производство на дрво "Мебел", колективна станбена зграда, магацин на ТП "Европа", објекти на ГП"Бетон". Иако на овој простор нема донесено ДУП, со парцијални решенија има издавано документи за изградба на постоечките објекти. Така е изградено ВПШ (Виша педагошка школа), Заводот за вработување, средното училиште ЕМУЦ, Реплек, неколку угостителски објекти.

- Од објектите што постојат на теренот само 3 се од лош квалитет изградени без арматура и нестандарден материјал.
- Со средно добар квалитет постојат 3 локалитети, објектите на Мебел, една станбена зграда. На овие објекти е потребно да се изврши санација .
- Од квалитетен материјал постојат 6 објекти и тоа објектот на ВПШ, завод за вработување, средното училиште ЕМУЦ, магацинот на Реплек и неколку угостителски објекти.
- Во вкупната инвентаризација не спаѓаат помалите објекти како што се шупи и гаражи, помошни простории кои се градени од неквалитетен и нестандарден материјал.

СООБРАЌАЈ

Според ГУП на Штип Булеварот Гоце Делчев преставува главна магистрална сообраќајница за поврзување на на градот со работната зона и со поширокото опкружување и со врска према Велес и Скопје.

Пристапувањето на предвидените локации се планира птреку сервисна улица паралелна со булеварот, а поврзана со булеварот само со десно отклонување на неколку места.

Преку сервисната улица е решено и паркирањето на возилата.

ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО И СПОРТ

Зелените површини во овој дел се занемарени. Површините кои се предвидени како јавно зеленило покрај булеварот и во заштитната зона воопшто не се реализирани така да она што е зацртано како јавно и заштитно зеленило се уште не е изградено.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Од аспект на комунална инфраструктура објектите што постојат во целост е решен. Останува да се решат споменатите инсталации за објектите кои не се реализирани.

3. ИДЕН РАЗВИТОК

Анализата на постојната состојба со излегување на лице место и запознавање со фактичката состојба, потоа определбите од ОУП за иден развиоток и програмата добиена од Единицата на Локалната самоуправа при Советот на Општина Штип се база за создавање на урбаниот концепт и опфатот на планот.

ЗЕМЈИШЕН ОПФАТ

Најголем процент на земјишен опфат имаат површините за образование, услуги и работна зона (38.74%) што е логично бидејќи се работи за дел од град кој представува зона за образование и работна зона. Доста голем процент на земјишен опфат имаат сообраќајниците (16.75%).

Процентот на зафаќање на просторот со зеленило (заштитно зеленило 11.31%). Заштитната зона за оваков вид на дејност бара поголема заштита .

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

Намена на површини	Површина во ха	Процент на зафатеност
Работна зона	3.50 ха	16.84
Образование и услуги	4.55 ха	21.90
Домување	0.56ха	2.69
Спорт и рекреација	6.34 ха	30.51
Улици паркинзи тротоари	3.48 ха	16.75
Заштитно зеленило	2.35 ха	11.31
ВКУПНО	**20.78 ха**	**100.00%**

МАЛО СТОПАНСТВО, ТЕРЦИЈАРНИ ДЕЈНОСТИ

Трансформацијата на капиталот наметна нови потреби во смисла на помали локации за потребите на малото стопанство.

После раскрсницата "Мал Одмор" (сметанио од градот према излезот) од десната старна започнува просторот на кој со децении наназад се развиваше индустријата во градот. Не случајно постојните локалитети се покрај железничката пруга која во тие времиња беше единсттвено сретство за комуницирање во голем обем и на поголеми дистанци, а едновремено и значителен фактор за вкупниот развој. Во просторот од другата страна на булеварот се наоѓа постоечка локација за производство на дрво "Мебел" која егзистира од почетокот на формирање на индустриската зона. Во ГУП на тоа место е предвидена Работна зона во состав на Индустриската зона "СЕВЕР".

На просторот кој е во опфатот на овој ДУП уште од шеесетите години егзистираат постоечките локации - локација за производство на дрво "Мебел", колективна станбена зграда, магацин на ТП "Европа", објекти на ГП"Бетон".

Покрај предвидените локации има доволен простор за зелени површини и доволен број на паркинг-простор.

Во предвидената локации е анализирана и определена зоната на градба и максималната висина на предвидените објекти имајки ги во предвид и постоечките веќе изградени објекти, и ќе изнесува Н=6.00м до Н=10.00м.

Анализиран е коефициентот на изграденост која се движи од 25%-52%и ги задоволува нормита пропишани во "Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот" (Сл. весник на РМ 69/99 и 102/2000).

И коефициентот на искористување и процентот на изграденост се испод максималните према правилникот за планирање на просторот кои изнесуваат 2.5 и 80% за ова дејност.

Урбан парцела	Предвидена дејност	Површина на парцела во м2	Површина за градба во м2	Процент на изграден. (%)	Коеф. на искорист.	Нмах Кота на венец м
1	РЕПЛЕК-(Магац. за лекови)	6046	2152	35.6	0.70	7.00
2	Угост.објект - (Македонска куќа)	832	224	26.9	0.54	7.00
3	ЕМУЦ Средно училиште	18150	9430	52		3.00-10.00
4	Угостителски објект	176.3	69	39	0.44	6.00
5	Угостителски објект	84	56.4	67	1.34	6.00
5а	Угостителски објект	89.3	56.4	63	1.26	6.00
5б	Трговија (Постоечки)	192	192	100	1.00	3.00
6	Станбена зграда	1104	352.4	31.9	0.64	7.00
7	Завод за вработување	3070	2190	71	1.43	7.00
8	Високо образование	15841	7746	48.9	1.46	7.00
9	Лесна конфекција	4586	2962	50.5	1.01	9.00
10	Лесна конфекција	2962	1672	29	0.58	9.00
11	ТП "ЕВРОПА" (магацин)	2484	683	27.5	0.55	7.00
12	ГП"Бетон"- магацин	3857	1353.5	35	0.70	7.00
13	Обработка на дрво-Мебел	20758	8500	41	0.82	7.00
14	Спорт и рекреација	63400	180			
15	Заштитно зеленило	23500				
40А	Семејна куќа	443	152	34.30	0.72	7.00
40Б	Семејна куќа	790	214	27.10	0.57	7.00
40	Семејна куќа	466	198	42.50	0.89	7.00
41	Семејна куќа	444	203	45.72	0.96	7.00
42	Семејна куќа	476.5	171	35.90	0.75	7.00
43	Семејна куќа	487	158	32.44	0.68	7.00
44	Семејна куќа	444	170	38.29	0.80	7.00
45	Семејна куќа	409	150	31.78	0.77	7.00
46	Семејна куќа	501.5	220	43.87	0.72	7.00
	Улици и паркинзи	34800				
	ВКУПНО	**207810м2**	**37602м2**			

СООБРАЌАЈ

Според ГУП на Штип Булеварот Гоце Делчев преставува главна магистрална сообраќајница за поврзување на на градот со работната зона и со поширокото опкружување и со врска према Велес и Скопје.

Пристапувањето на предвидените локации се планира птреку сервисна улица, (која е со профил од 6,00м) паралелна со булеварот. Преку сервисната улица е решено и паркирањето на возилата.

Во нивелетски смисол постоечката нивелета на улицата во потполност се задржува (скоро целосно булеварот е реализиран).

При определувањето на бројот на паркинзите потребни за оваа работна зона е земен нормативот на 100м2 корисна површина по 1 паркинг место. Паркингот е воглавном решен од сервисна улица.

ЗЕЛЕНИЛО

Во процесот на урбанистичкото планирање третманот на јавното зеленило е рамноправен со третманот на двете основни градски функции домување и работа..

Изолационо зеленило има за задача да ги заштитува жителите на населбата од непогодните надворешни влијанија. Тоа се појаси на зеленило покрај главните сообраќајници кои заштитуваат од бука, прашина, издувни гасови и сл., како заштитен појас према железничката пруга.

Улично зеленило е зелен појас покрај главните улици, дрвореди покрај коловозите и паркинзите.

Зеленило во урбанистички парцели - на уредување на дворните парцели треба да се посвети големо внимание. На места каде што има висински разлики да се совладаат со шкарпи 1: 2 за да можат да се озеленат. Да се забрани и контролира да не дојде до откопување на теренот со кое не само што се нарушува естетскиот изглед на просторот, туку може да предизвика и лизгање на земјиштето. Меѓу градежната и регулационата линија се предвидува високо зеленило како заштита од загадување и од бучава.

КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Од аспект на инфраструктура новопредвидените објекти ќе бидат приклучени на градскиот водоводен и канализационен систем како и на градската енергетско напојување.

Паралелно со изготвување на овој ДУП изготвени и основни решенија за инфраструктура и тоа: водовод, канализација, електроинсталации.

ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со развиток и со изградба на стопански објекти, објекти за високо образование, спорт и рекреација и магацински простор, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

За постоечките објекти - урбанистичките парцели бр. 1,2,3,4,5,5а,6,7 и 13 има изградено повеќе трафостаници ТС 10/0.4 КВ кои

се поврзани со 10КВ кабел. Во снагите на тие ТС 10/0.4 КВ нема голема резерва за приклучок на новопредвидените објекти .

Во опфатот на овој план се предвидува изградба нова ТС 10/0,4кв. со снага од 2х630КВА за напојување на останатите локации.

Трафостаницата ќе се приклучи на постојниот 10КВ кабел со прекинување и правење на влез и излез во новите ТС 10/0,4КВ.

Анализа на снагите

Ур. пар.	Предвидена дејност		Еновреме-на снага
8	Високо образование	3820 х 2 - 20%=6112м2 6112х75х0,6=275040W	275KW
9	Лесна конфекција	2070х2-20%=3312м2 3312х100х0,8=264960W	265KW
10	Производен погон	1094.2х2-20%=1751м2 1751х100х0,8=140080W	140KW
11	ТП"Европа - магацин	683х2-20%=1093м2 1093х75х0,8х0.5=32790W	33KW
12	ГП"Бетон" - магацин	1353.5х2-20%=2166м2 2166х75х0,8х0.5=64980W	65KW
14	Спорт и рекреација		25KW
	ВКУПНО ЕДНОВРЕМЕНА СНАГА		**803KW**

Према едновремените снаги се предвидува изградба на нови ТС10/0.4КВ со снага од 2х630КВА.

Водењето на енергетските водови на Н.Н. мрежа ќе биде со подземни енергетски каблови.

РЕШЕНИЕ ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

А/Водовод

Водоснабдувањето на објектот предвидено е да се врши од градската водоводна мрежа. Објектот ке се приклучи на постоечката водоводна линија на булеварот "Гоце Делчев"со профил Ф 150мм .

На местото на приклучување предвидена е водоводна шахта со потребната водоводна арматура .

За задоволување на сопствените потреби од вода предвиден е профил Ф 50мм.Согласно постоечките технички прописи за противпожарни количини на вода приклучниот цевовод е усвоен со профил Ф100 мм .

Предвидени се два противпожарни надворешни хидранти Ф100 мм. Потребниот противпожарен притисок на во ЕНЕРГЕТСКО НАПОЈУВАЊЕ. На местото на приклучување не ги задоволува

постоечките противпожарни потреби и предвидено е да се изведе противпожарна хидростаница со капацитет од 5.0 л/сек и притисок 6.0 бари.

Б/ Фекална канализација

Одведувањето на отпадните фекални води од од постоечките објекти се врши со фекална канализација од Ф400 која поминува по булеварот "Гоце Делчев", поминува низ постоечката локација на "Мебел" и оди до постоечкиот колектор за фекални отпадни води К5 д.

За новопредвидените локации се предвидува нов колектор, прикажан на графичкиот прилог. Предвидениот профил на новопроектираната канализација е Ф200 мм. и истиот е усвоен конструктивно.

Расположивата висинска разлика условува на минимален надолжен пад 0.5 % и истиот е усвоен под услов да котата на приземје на објектите е усогласена со котата коловозот на постоечкиот булевар.

По должината на трасата предвидени се ревизиони шахти на местото на приклучување како и на сите хоризонтални и вертикални прекршувања.

Од аспект на идно одржување на фекалната канализација предвидени се ревизиони шахти на секој 40-50 м.

На местото на пренмин на фекалната канализација преку патен правец потребно е да се предвиди соодветна заштита во случај на висока кота на фекалната канализација.

Во населените места, при изработката на урбанистички планови треба да се предвидуваат плански мерки за заштита од пожари, со планирање на сообраќајна мрежа за достапност до објектите.

Во случај кога тоа објективно не е можно (коси терени , пристап со пешачки патеки) , објектите треба да се планираат на растојание од мин 3 метри од границата на парцелата, односно 6 метри помеѓу еден и друг објект.

Кај индустриските погони треба да се предвиди кружен пат околу објектите за максимална можна интервенција во случај на пожар , или ако тоа не е можно, да се предвиди хидрантска мрежа, а за помали објекти соодветни против пожарни апарати .

Дејностите кои ќе се обавуваат во опфатот на овој ДУП се зонирани во петта класа према Правилникот за класификација на објектите што со испуштање на штетни материи можат да го загадат воздухот во населените места и формирање зони за санитарна заштитна зона (сл. весник 13/76) и потребно е подрачје на зоната за санитарна заштита од најмалку 20м.

ПАРАМЕТРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПЛАНОТ

Изградбата на нови оибјекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и

урбанизмот како и оние параметри што се составен дел на документацијата.

Параметрите во однос на процентот на на изграденост, како и коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на предвидените со правилникот и се дадени во табелата за секоја парцела одделно.

Со овие параметри се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Генералниот урбанистички план и конкретните решенија во деталниот план за овој опфат на план.

Условите за градба во зоните за мало стопанство и терцијарни дејности (Работна зона) ќе се согледуваат преку урбанистичките проекти изработени према одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Сл.весник на РМ бр.02/02).

Во комлексот за спорт и рекреација условите за градба ќе се согледуваат преку урбанистичките проекти изработени према одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот (Сл.весник на РМ бр.02/02).

Сите објекти кои ќе се градат на овој простор да бидат проектирани согласно нормативите и прописите за изградба на ваков вид на објекти. Да се применат сите прописи и нормативи од аспект на употреба на современи градежни материјали, топлотна заштита, заштита од бучава, ПП заштита, греење и ветреење, заштита на човековата околина, проблеми на засолнување, евиденција на отпадоци и др.

Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачниот градежен матерјал и традиционалните вредности и културата во градењето.

Во зависност од потребите на инвеститорите и дејноста која ќе се обавува можат да се спојуваат две и повеќе парцели.

Зоната за градење и градежните линии се прикажани во графичкиот прилог.

Висината на објектите ќе се движи од 3.00м до 10.00 м до кота на венец во зависност од дејноста и технолошкиот процес кој ќе се обавува во нив.

Кровните површини да бидат коси со пад на кровните површини 1: 3.

Растојанието на објектот до границата на парцелата ќе биде мин. 6,0 м., заради ПП заштита.

Потребите за стациониран сообраќај (паркирањето и гаражирање) ќе се одвива од задната страна на сервисната улица, на планираните паркиралишта. Паркирање за на локалитетите на у.п.9 (Лесна индустрија) и у.п.10 (Производен погон) да го решаваат паркирањето внатре во парцелата.

Се додека со посебна студија не се реши проблемот за начинот на затоплување на целиот град, во овој ДУП греењето се предлага во објектите греењето да биде преку локални котлари со вградени зашитни филтри од аерозагадување, а во објектите за мало стопанство во колку процесот на производство и дејноста на корисникот на локацијата бараат изградба на котлара и ако во објектот се користи технолошка пареа, истата може да се користи за затоплување.

Отстранувањето на цврстите отпадоци е организирано преку ЈП "Исар". Контејнерите и кантите за отпадоци се лоцираат на погодно место во рамките на урбаниот опфат.

Во секој деловен објект трба да се предвиди можност за користење во услови на воена опасност на дел од визбените простории во функција на засолнување на населението. Засолништата треба да се планираат двонаменски со тоа што второстепена намена ќе биде засолнувањето.

За објекти кои имаат дворно место треба да се предвиди простор за засолни за заштита во случај на потреба за засолнување.Треба да се предвиди излез од визбените простори надвор од дометот на урнатините на објектите. Растијанието на дометот на урнатините е површината на која се распростираат главните урнатини при уривање на објектите, мерено нормално на основата на зградата за една половина од височината на објектот мерена од тлото до долниот раб на кровот.

Засолништето треба да се предвиди како составен дел на објектот и не може да се третира како посебен дел на објектот. Во проектната документација треба да се презентира начинот на користење на дел на визбените простории за времено засолнување. За таа цел треба да се предвидува особено изградба на подземни гаражи и магацини .

При проектирањето на засолништата да се применуваат сите важечки прописи и нормативи за изградба на засолништа .

Ноември 2002год.
Штип

Изработил:
Дипл. инг. арх. Ѓупчо Лозановски

ИЗВОДИ ОД СОСЕДНИ ПЛАНОВИ

2.ИЗВОД ОД АУП: за формирање на ГП 9.101, 9.102 и 9.103 намена Г2-лесна индустрија од ГП.9 и ГП.10 од ДУП „УЕ бр.55 и 56” (зона на образование и работна зона - Пребег)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 476

Број: 18-5569/2 од 15.09.2023год.

АУП :за формирање на ГП 9.10_1, 9.10_2 и 9.10_3 намена Г2-лесна индустрија од ГП.9 и ГП.10 од ДУП „УЕ бр.55 и 56"(зона на образование и работна зона –Пребег)

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште

комунални работи и заштита на животна средина

Потврада за заверка: 18-2818/2 од 16.06.2020

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 500

ИЗВОД ЗА УП. 9.10_1

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


ВИшА ПЕДАГОшКА шКОЛА-шТИП
ул. „Гоце Делчев“
Г2
ГП 9.10.1
П+2
Hmax=9m
Г2
ГП 9.10.2
П+2
Hmax=9m
Г2
ГП 9.10.3
П+2
Hmax=9m
ГП
ГЛ
od160
pe od63
ac f250
8142
8240
8239
8134/1
1375/12
1375/1
1403
граница на опфат

ЛЕГЕНДА:

Граница на проектен опфат П=7548.04м2

РЛ Регулациона линија

ГП Граница на градежна парцела

ГЛ Градежна линија по АУП

$9.10_{1,2,3}$ Реден број на градежна парцела

Г2- Лесна индустрија -Површина за градење

Заштитно зеленило

Елементи на сообраќајница

Пристап во парцели

Сообраќајница

Коловоз

Тротоар

Разделно зеленило

Планирана трафостаница со ДУП

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД ДУП									
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	површина на парцела м2	површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9	Г	Г2	4586	2962	9m	со АУП	64.59%	1.01	во парцелата
10	Г	Г2	2962	1672	9m	со АУП	56.44%	0.58	во парцелата
		ВКУПНО:	7548	4634	9m	со АУП	61.39%	со АУП	во парцелата

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД АУП											
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	компатибилни класи на намени на основните класи на намени	максимално дозволен % на учество на компатибилните класи на намена	површина на парцела м2	максимална површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9.10_{-1}	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	2798.15	1428.99	9m	П+2	51.07%	1.53	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
9.10_{-2}	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	3364.22	2121.75	9m	П+2	63.06%	1.89	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
9.10_{-3}	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	1255.15	625.43	9m	П+2	49.83%	1.49	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
	Е	Е2	/	/	130.52	/	/	/	/	/	/
				ПРОЕКТЕН ОПФАТ:	7548.04	4 176.17	/	/	55.33%	1.66	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГП. $9.10._1$, $9.10._2$, $9.10._3$, СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА ОД Г.П. 9 И Г.П. 10 ОД ДУП „УЕ бр. 55 и 56“ (Зона на Образование и работна зона – Пребег) -ОПШТИНА ШТИП

УРБАНИСТИЧКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ВОВЕДЕН ДЕЛ

Општи информации

Овој Архитектонско урбанистички проект е изработен согласно **член 51 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) и член 13 од Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, и регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко - плански документации и АУП и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).**
АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ е изработен ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3, СО НАМЕНА Г2-ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА ОД ГП9 И ГП10 ОД ДУП „УЕ БР. 55 И 56“(ЗОНА НА ОБРАЗОВАНИЕ И РАБОТНА ЗОНА-ПРЕБЕГ)-ОПШТИНА ШТИП.

Изводот од ДУП за ГП 9 и ГП 10 од „УЕ бр.55 и 56“ (Зона за Образоваие и работна зона - Пребег), издаден од Секторот за урбанизам, уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Штип под бр. 18-2555/2 од 02.06.2020 година, претставува основа за изготвување на АУП за формирање на градежни парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена Г2 – Лесна индустрија, од ГП 9 и ГП 10 од ДУП за „УЕ бр.55 и 56“ (Зона за Образоваие и работна зона - Пребег), Општина Штип.

ИЗВОД ОД ДУП

Со Одлука бр. 0701-189/1 од 18.02.2003 година, беше одобрен ДУП за „УЕ бр.55 и 56“ (Зона на Образование и работна зона –Пребег) К.О. Штип-5, Општина Штип од страна на Сектор за урбанизам и уредување на градежното земјиште, комунални работии заштита на животната средина. Врз база на Извод од ДУП за КП8136/4, КП8136/5, и КП8136/6, изработен е овој АУП за формирање на ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија, во „УЕ бр.55 и 56“ (Зона на Образование и работна зона –Пребег) К.О. Штип-5, согласно развојните планови на Општина Штип.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Согласно барањата на инвеститорот предмет на овој документ е Изработка на Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена Г2 – лесна индустрија од ГП 9 и ГП 10 од ДУП „УЕ бр.55 и 56“ (Зона за Образоваие и работна зона - Пребег) - Општина Штип.

За изработка на Архитектонско урбанистички проект инвеститорот изработи Проектна програма (во прилог на овој документ) во која се посочуваат основни определби за формирањето на градежни парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3, се определува намена и начинот на користење на просторот и се создаваат услови за градење на планираните објекти.
Проектната програма на инвеститорот е документ врз основа на кој е изработен овој АУП и е приложен заедно со барањето за одобрување на овој АУП. Архитектонско-урбанистичкиот проект е изработен во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 142/15 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) и Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, и регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и АУП и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15).

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ СО ПРАВЕН СТАТУС СТЕКНАТ ПО ОСНОВ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИ ОБЈЕКТИ

Согласно ПРАВИЛНИКОТ за поблиска содржина, форма и начин на обработка на гуп, дуп, упс, упвнм, и регулациски план на гуп, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и ауп и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. весник на РМ бр. 142/15), член 2, став 8 доставен е допис со прилог за

инвентаризација на градби со правен статус стекнат по основ на законот за постапување со бесправни градби до надлежните во Општина Штип. Во согласност со добиените податоци проектниот опфат на овој архитектонско урбанистички проект, односно во границите на Г.П. 9 и Г.П. 10 нема бесправно изградени објекти (согласно писмо бр. 19/сл. од 10.06.2020 година)

3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

При изработката на Архитектонско урбанистички проект за формирање на градежни парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена Г2 – лесна индустрија од ГП 9 и ГП 10 од ДУП „УЕ бр.55 и 56“ (Зона за Образоваие и работна зона-Пребег),- Општина Штип, извршена е инвентаризација на предметниот простор.
Во проектниот опфат на овој архитектонско урбанистички проект, односно во границите на новоформираните ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 нема изградено надземни и подземни градби**.**

Сообраќај и комуналана инфраструктура

Според ГУП на Штип главна магистрална сообраќајница претставува Булеварот „Гоце Делчев“ кој ги поврзува градот со работната зона и со поширокото опкружување и со врска према Велес и Скопје. Пристапувањето до проектниот опфат се планира преку новопланирана сервисна улица (профил од 6м), паралелна и поврзана со Булеварот.
Сегашниот постоен пристап до парцелите е преку изградена колско-пешачка улица означена во графичкиот прилог бр. 2.

Податоци и информации од институции

Агенција за електронски комуникации – АЕК
Согласно добиените податоци од АЕК (допис бр. 1404-1800/2 од 04.06.2020 година) констатирано е дека има постоечка мрежа, истата е прикажана во графичките прилози.

Дирекција за заштита и спасување
Согласно добиените податоци од Дирекција за заштита и спасување (допис бр. 09-90/2 од 02.06.2020 година) нема постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат. Исто така, доставени се претходни услови за заштита и спасување со цел да се вградат во АУП-от. Откако ќе се разработат и вградат условите за заштита и спасување во АУП-от, да се состави до Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение за ЗиС Штип, за да се добие мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ЕВН Скопје

Согласно добиените податоци од ЕВН (допис бр. 10-1671/6-147 од 28.05.2020година) во планскиот опфат постои подземна мрежа од 10(20)кV. При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се контактира најблискиот Корисничко Енерго Центар. Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

ГА-МА АД

Согласно добиените податоци во дописот од ГА-МА АД на предметниот опфат не постои инфраструктура од нивна надлежност.

Македонкси Телеком АД – Скопје

Согласно добиените податоци од Македонски Телеком АД – Скопје на предметниот опфат нема постојни телекомуникациски инсталации. Планерот треба да предвиди коридор за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланирани објекти од страна на пристапните улици (во тротоари и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства.

МЕПСО

Согласно добиените податоци од МЕПСО (допис бр. 11-3957/1 од 02.06.2020 година) е констатирано дека проектниот опфат не се пресекува со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Управа за заштита на културното наследство

Согласно добиените податоци од Управа за заштита на културно наследство(допис бр. 17-1868/2 од 08.06.2020година) констатирано е дека во границите на планскиот опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставува културно наследство. Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласно со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16).

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

Просторот дефиниран за изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект се наоѓа во опфатот на ДУП за УЕ бр. 55 и 56 (Зона за образование и работна зона –Пребег) Општина Штип, ГП 9 и ГП 10, со намена Г2-Лесна индустрија.
Во проектниот опфат на ГП 9 и ГП 10 предвидени се 3 новоформирани градежни парцели: 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена Г2 – лесна индустрија од постоечките ГП9 и ГП10 од ДУП „УЕ бр.55 и 56“ (Зона за образование и работна зона-Пребег)-Опшрина Штип.
Формирањето на градежните парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со овој АУП произлегува од специфичното барање и потребата на Инвеститорот, а изработен е согласно општите одредби дадени во ДУП „УЕ бр. 55 и 56“ (Образсовна и работна зона –Пребег) Општина Штип и согласно член 51 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18).

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД ДУП									
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	површина на парцела м2	површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9	Г	Г2	4586	2962	9m	со АУП	64.59%	1.01	во парцелата
10	Г	Г2	2962	1672	9m	со АУП	56.44%	0.58	во парцелата
		ВКУПНО:	7548	4634	9m	со АУП	61.39%	со АУП	во парцелата

Табела бр. 1

Во табела 1 се прикажани нумеричките податоци за ГП 9 и ГП 10 согласно Извод од ДУП.

Површината на проектниот опфат изнесува 7548.04м^2. Површината на ГП9 изнесува 4586м^2 со максимална површина за градба 2962м^2 и процент за изграденост 64,59% , а на ГП 10 изнесува 2962м^2 со максимална површина за градба 1672м^2 и процент за изграденост 56,44%. Максималната дозволена висина на двете површини за градба е 9м од кота на тротоар до кота на венец. Овие податоци се прикажани во табела бр.1.

Согласно барањата на инвеститорот со овој АУП за формирање на парцела согласно член 51 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18), се формираат нови градежни парцели: ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со намена на градба Г2 – лесна индустрија, кои се составени од површините на постоечките ГП9 и ГП10. Површината на новоформираните парцели изнесува 7417,52м^2 што претставува помала површина од проектниот опфат, бидејќи 130.52м^2 е искористен за пристапна улица која ги опслужува сите три новоформирани парцели.

Новоформираните ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 се со основна класа на намена:

- **Г2-лесна индустрија**

Површината на проектниот опфат изнесува 7548,04м2, а границите се дефинирани со следниве координатни точки:

КООРДИНАТИ НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ		
1	X=7598870.04	Y=4623090.37
2	X=7598954.62	Y=4623151.71
3	X=7598969.33	Y=4623121.48
4	X=7598986.55	Y=4623053.71
5	X=7598972.15	Y=4623027.80

Проектниот опфат од северната страна граничи со КП8134/1, од источната страна граничи со булеварот „Гоце Делчев“, од јужната страна граничи со КП8139/1. Од запад и југозапад граничи со асфалтирана пристапна патека и КП8135/2, КП8135/7 и КП8294/11. Пристапот до градежните парцели е овозможен од југо-западната страна преку постојната асфалтирана пристапна колско-пешачка патека од каде всушност е и предвидениот влез во ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3.

При формирањето на градежните парцели дефинирана е границата на градежните парцели, дефинирани се површини за градба со градежни линии, со максимални висини и катност, при тоа водејќи сметка да не се зголеми вкупната површина за градба, максималната дозволена висина до хоризонтален венец, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност од оние зададени во ДУП.

Од максималната височина може да отстапуваат и сите оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, согласно член 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД АУП											
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	компатибилни класи на намени на основните класи на намени	максимално дозволен % на учество на компатибилните класи на намена	површина на парцела м2	максимална површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9.10_1	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	2798.15	1428.99	9m	П+2	51.07%	1.53	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
9.10_2	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	3364.22	2121.75	9m	П+2	63.06%	1.89	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
9.10_3	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	1255.15	625.43	9m	П+2	49.83%	1.49	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
	Е	Е2	/	/	130.52	/	/	/	/	/	/
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:					7548.04	4 176.17	/	/	55.33%	1.66	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места

Табела бр. 2

Вкупната површина на новоформираните градежни парцели ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 , изнесува 7417,52m2. Максимална површина за изградба изнесува 4176,17м2 . Максималната височина на градбите во трите парцели до венец изнесува 9.0 метри, а дозволената катност е до П+2 ката. Предвидени се

компатибилни класи на намени на основната класа на намена согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко плнирање, (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) со процент на учество мах. 49%.
Овие податоци се прикажани во табела бр.2.

Проектно решение

Просторот дефиниран за изработка на Архитектонско-урбанистичкиот проект се наоѓа во планскиот опфат на Урбанистички план за УЕ 55 и 56 (Зона за образование и работна зона Пребег) – Општина Штип, а основна намена е Г2-лесна индустрија.

Вкупната површина на проектниот опфат изнесува 7548,04м^2. Во рамки на проектниот опфат дефинирани се три градежни парцели ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 со површина од 7 417,52м^2 и 130.52 м^2 површина која влегува во пристапната улица.

Проектниот опфат е формиран врз основа на Член 51 точка 3, став 1, од Законот за просторно и урбанистичко планирање, (Службен весник на Република Македонија бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18).

Регулациона линија е граница меѓу градежното земјиште за општа употреба и градежното земјиште парцелирано на градежни парцели, наменети за поединечна употреба. Регулационата линија е линија која разграничува јавно од приватно земјиште, во овој случај ја разграничува градежната парцела од постојниот асфалтиран булевар „Гоце Делчев“ со дефинирани профили и со планираната сервисна улица предвидена со ДУП „УЕ бр. 55 и 56“ (Зона за образование и работна зона-Пребег) К.О Штип-5, Општина Штип. Во графичките прилози означена е регулационата линија.

Граница на градежна парцела е линија на разграничување на носителите на право на градење помеѓу две соседни градежни парцели. Градежната линија го одредува просторот за градба и оддалеченоста на градбата од регулационата линија, линија на градежна парцела или пак од осовината на улицата на која се наслонува градежната парцела (од каде што се обезбедува пристап).

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на право на градење. Со овој Архитектонско-урбанистички проект се планираат три нови градежни парцели: ГП 9.10_1, ГП 9.10_2, ГП 9.10_3, од планираните две (ГП9 и ГП10) во УЕ 55 и 56 (Зона на образование и работна зона Пребег)-Општина Штип.

Наменска употреба на земјиштето – класи на намени

Согласно ДУП во проектниот опфат предвидено е основна класа на намена Г2.

Со АУП се задржува основната класа на намена **Г2 – Лесна индустрија и компатабилните класи на намена на основната класа и тоа:**

- Б1 – мали комерцијални и деловни намени. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%;
- Б2 – големи трговски единици. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%;
- Б4 – деловни простори. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 10%;
- В2 – здравство и социјална заштита. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 5%;
- Г3 – сервиси. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%;
- Г4 – стовариште. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%;
- Д2 – заштитно зеленило. Максималниот процент на учество на единечната класа на намена во однос на основната класа на намена изнесува 30%.

  Максималниот збир на компатибилните класи на намена во однос на основната, изнесува 49%.

Градежна линија претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбите може да се градат. Во графичките прилози означена е градежната линија со детално котирање на растојанија до границата на градежната парцела и до регулационата линија. Во проектниот опфат предвидени се површини за градење. Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18) градежна линија и помошна градежна линија е дефинрана во член 35, 36, 37 и 38.

Помошна градежна линија се употребува како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината за градење и во овој Архитектонско-урбанистчки проект не е употребена.

Површина за градење е утврден дел од градежната парцела предвиден за градење на градбите.

Во проектниот опфат за секоја новопредвидена парцела предвидена е само една површина за градење.

Височина на градење е условена од потребата за просторот и од намената. Висината на градбите се дефинира од котата на приземјето и истата се предвидува да биде 9,0м т.е. висина до венец изразена во катност е П+2.

Висината на приземната плоча (нулта кота во однос на котата на тротоарот) е условена од намената на градбата и истата ќе се утврди со основниот проект, но нема да биде повисока од 1,20м или пониска од 0,10м.

Се дозволува градење под земја во граници на градежната парцела дефинирана со Архитектонско-урбанистички проект, со употреба на соодветни материјали и технологија на изградба.

Со **процентот на изграденост** е дадено колкав дел од градежното земјиште на разгледуваната градежна парцела ќе биде зафатено со градба. Во Архитектонско урбанистички проект процентот се движи 55.33% просечно за трите парцели, што е помал од 56.31% од просечниот за ГП 9 и ГП 10. Во процентот на изграденоста не влегуваат површините на подземните градби и настрешниците.

Коефициент на искористеност го покажува интензитетот на изграденост и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште и во случајот изнесува 1.66 просечно на ниво на проектен опфат.

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД АУП											
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	компатибилни класи на намени на основните класи на намени	максимално дозволен % на учество на компатибилните класи на намена	површина на парцела м2	максимална површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
$9.10._1$	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	2798.15	1428.99	9m	П+2	51.07%	1.53	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
$9.10._2$	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	3364.22	2121.75	9m	П+2	63.08%	1.89	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
$9.10._3$	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	1255.15	625.43	9m	П+2	49.83%	1.49	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места
	Е	Е2	/	/	130.52	/	/	/	/	/	/
ПРОЕКТЕН ОПФАТ:					7548.04	4 176.17	/	/	55.33%	1.66	во парцелата 100м² корисна површина за 1 паркинг места

Сообраќајно решение

Сообраќајниот пристап до градежната парцела се предвидува преку новопланираната сервисна улица (која е со профил 6м).

Паркирањето и гаражирањето треба да се реши во границите на ГП $9.10._1$, $9.10._2$, $9.10._3$. Потребниот број паркинг места се утврдува согласно Проектната програма на инвеститорот и со проектната документација во зависност од потребите за градбата и специфичните услови кои произлегуваат од нејзината намена.

Новопланираната сервисна улица е со следниот профил:

ПОПРЕЧЕН ПРОФИЛ НА СЕРВИСНА УЛИЦА



Внатрешното движење на лесни и тешки возила треба да се одвива без пречки во возењето. Потребен број на паркинг места ќе се обезбеди согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за

урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17) и према Проектната програма на инвеститорот.

Хидротехничка инсфраструктура

Инфраструктурните водови, како и потребите за вода, канализација и електрична енергија се дефинирани со ДУП „УЕ 55 и 56 “ (Зона на образование и работна зона-Пребег) К.О. Штип-5, Општина Штип.

Водоснабдување и канализација

Водоснабдувањето на објектот ќе се врши преку постоечката и планираната водоводна мрежа согласно ДУП, која преставува дел од локалниот водоводен систем за град Штип.

Водовод

Водоснабдувањето во проектниот опфат предвидено е да се врши од градската водоводна мрежа. Објектот ќе се приклучи на постоечката водоводна линија на булеварот „Гоце Делчев“ со профил ф150мм.

На местото на приклучувањето предвидена е водоводна шахта со потребна водоводна арматура.

Фекална канализација

Одведувањето на отпадните фекални води од планираниот опфат се предвидува да се врши во постојната канализациона линија покрај бул. Гоце Делчев.

По должината на трасата предвидени се ревизиони шахти на местото на приклучувањето како и на сите хоризонтални и вертикални прекршувања.

Од аспект на идно одржување на фекалната канализација предвидени се ревизиони шахти на секои 40-50м.

На местото на премин на фекалната канализација преку патен правец потребно е да се предвиди соодветна заштита во случај на висока кота на фекалната канализација.

Електро-енергетика и ПТТ инсталации

Согласно добиените податоци добиени од ЕВН (допис бр. 10-1671/6-147 од 28.05.2020година) во проектниот опфат постои подземна мрежа од 10(20)KV.

Со развитокот и со изградбата на градбите во новоформираните градежни парцели во проектниот опфат, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електрична енергија.

За постоечките објекти има изградено повеќе трафостаници ТС 10/0/4КВ кои се поврзани со 10КВ кабел. Во снагите на тие ТЦ 10/0.4 КВ нема голема резерва за приклучок на објектите во новопланираниот опфат.

Затоа во близина на проектниот опфат, со ДУП за УЕ 55 и 56 (зона за образование и работна зона Пребег) предвидена е изградба на нова ТС

10/0.4КВ со снага од 2х630КВА за напојување на планираните објекти во нереализираните градежни парцели.

Трафостаницата ќе се приклучи на постојните 10КВ кабел со прекинување и правење на влез и излез во новите ТС 10/0.4КВ.

Улично осветлување

Осветлувањето на планираните улици и партерот, ќе биде со приклучок на светилките со 1kV кабли на постојната инсталација за јавно осветлување согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на инфраструктура со изработка на Основен проект.

Телефонска мрежа

Согласно добиеното писмо од АЕК и Македонски Телеком АД – Скопје, во близина на предметната локација има постојни ТК инсталации. Градбите од градежните парцели ќе се приклучат на постојната телефонска мрежа согласно важечките технички стандарди и нормативи за ваков вид на градба.

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе спрема функцијата на објектот и потребите на Корисниците. Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изведе во склад со развојните програми на Македонски телекомуникации.

Зеленило

Во секоја ГП да предвиди мин. 20% зеленило, согласно Законот за урбано зеленило.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Градежните парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3 кои се формираат со овој архитектонско урбанистички проект, во Зона за образование и работа-Пребег, Општина Штип, се со вкупна површина од 7417.52м^2.

Во парцелата се предвидуваат објекти со намена: Г2 - лесна индустрија, во граници и нормативи кои се дадени со важечкиот Правилник. При планирањето се почитувани сите нормативи дадени со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16,64/18,168/18), Правилникот за поблиска содржина, форма и начин на обработка на ГУП, ДУП, УПС, УПВНМ, и регулациски план на ГУП, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и АУП и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (Сл. Весник на РМ бр. 142/15), како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17,86/18).

Исто така согласно дописот врз основа на барање за податоци и информации од Дирекција за заштита и спасување – ПО Штип (допис бр. 09-90/2 од 02.06.2020 година) во овој АУП инкорпорирани се сите приложени мерки за заштита и спасување.

5.1. Мерки за заштита на животната средина и природата

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува подршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание врз одделни области на животната средина.

Секој е должен при преземањето на активностите или при вршење на дејности да водат сметка за животот и здравјето на луѓето, треба да се почитуваат сите нормативи за одржување на здрава и незагадена средина во сите сегменти од природата. Превентивна заштита на животна средина представува еден од елементите на развојот на и појдовна основа за глобално управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој. Заштита со овој план се однесува на заштита на:

- заштита на воздух
- заштита на водата
- заштита на почвата
- заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комунален опфат

5.1.1 Мерки за заштита на квалитетот на воздухот

За аерозагадување може да се зборува доколку една или повеќе загадувачки материи се во таква количина и толку долго во воздухот што стануваат штетни за луѓето, животните и растенијата. Со сигурност не може да се одреди реалниот ефект и последици по средината, односно санитарната состојба на воздухот. Врз основа на карактерот на површини за градба, се оценува дека квалитетот на воздухот релативно задоволува и дека не постои изразито загадување со штетни материи на воздухот на предметната територијата.

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во проектниот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Мерки и заштита од аерозагадување и зачувување на квалитетот на воздухот вградени во планот се:

- обезбедени се услови за ефикасно природно проветрување;
- подобрена е состојбата на зелените површини на локацијата;
- потребна е постојна контрола на загадувачите на атмосферата;
- користење на горива кои содржат помалку штетни состојки;
- контрола на загадувачите на атмосферата и донесување програми за отстранување на причините за загадувањето.

5.1.2 Мерки за заштита на квалитетот на почвата

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните методи за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпременувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

5.1.3 Заштита од бучава

Бучавата претставува значаен фактор со неповолно влијание што поизразито се манифестира во последните децении како резултат на зголемен број на возила. Според меѓународните стандарди и нормативи нивото на бучавата дозволено во урбаното подрачје е до 60 децибели.
Секојдневната изложеност на населението на високо ниво на сообраќајна бучава, карактеристична за урбанизираните подрачја, има сериозен јавно – здравствен ризик и наметнува потреба од контрола на бучавата во раните фази од планирањето и уредувањето на просторот.

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата. Во подрачја покрај магистрални патишта се поставуваат најмалку 10 репрезентативни мерни места кои треба да ја покријат целата зона на сообраќајницата и постојаните извори на бучава.
Смалување на бучавата од сообраќајот може да се направи на два начина:

- Спречување на бучава на самиот извор;
- Спречување на изложување на луѓето на бучава со лични заштитни средства.

5.1.4 Заштита на води

Во заштита на животната средина еден од основните приоритети е и заштита на водите, која се третира како превентивна заштита. Затоа приоритети во заштита на животната средина, заштита на води е прочистување пред пуштање во реципиентот. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и квалитетно без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

Потребно е:

- проектирање и изведување на канализациона мрежа во се според важечки прописи и стандарди;
- мерки за испитување на квалитетот на водите;
- водотеци-земање узорци и мерење на квалитетот на водата,
- мерки на објектите кои ја загадуваат водата;
- заштита на квалитет на водата на самите извориштa на загадување.

5.1.5 Заштита на земјиштето во загрозени подрачја

За предметниот проектен опфат се предвидува цврстиот отпад организирано да се селектира со понатамошна негова рециклажа, како мерка за намалување на неговите количини кои завршуваат во депонија. Ова е во функција на суровинските и енергетските заштеди. Остаток од цврст отпад се предвидува организирано да се прифати да се транспортира и депонира во најблиската санитарна депонија. Затоа е потребно:

- Планско уредување на земјиштето на места загрозени со подземни води, отпадни води, депонирање на смет;
- Во заштитените зони да се спроведат мерки за заштита во зависност од видот на загадувачите;
- Заштита на фауната и флората, со обновување на шумскиот фонд, зелените површини во целото опкружување.

5.2. Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за одбрана (Сл.в.на РМ бр.42/01), Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 71/16, 106/16, 83/18), Законот за пожарникарство (Сл.весник на РМ бр: 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 39/16, 152/19) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите и проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, а начинот на примена со Уредба го уредува Владата.

Мерките за заштита и спасување се базираат и врз основа на писмото од Дирекцијата за заштита и спасување заведено под број 09-90/2 од 02.06.2020.

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија. Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини, наноси, луњи, уривање на високи брани и насипи, суша, атмосферски и други непогоди.

Други несреќи се пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горива материи кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер.

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

УРБАНИСТИЧКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ:

5.2.1 Засолнување

Согласно Законот заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18) засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на други заштитни

градби за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе се задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

5.2.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

5.2.3 Заштита од пожари, експлозии и опасни материи

На површината на предметниот АУП предвидени се три градежни парцели со намена Г2 – Лесна индустрија. При изработка на Основни проекти за градбите, задолжителна е и изработка на Елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, во склад со одредбите на Член 70 од Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18), како и Член 47, став (5) од Законот за градење (Службен весник на Република Македонија, број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15,217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 103/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18).

При изработка на техничката документација сите градби да се лоцираат така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5m со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Рабниците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до градбите. Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевководи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

5.2.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Член 80 од Законот за заштита и спасување (Сл.в. на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 71/16, 106/16, 83/18), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.2.5 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- најмало растојание од градежната линија до границата на градежната парцела е 5,00м
- сообраќајната мрежа нема да биде оптоварена со руини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и.т.н.

Густината на градбите, односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

5.2.6 Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи

На локалитетот има можност од појава на технички несреќи како резултат на намената на просторот Г2 – Лесна индустрија. Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и потесната и пошироката животна средина потребно е одржување на опремата и инсталациите, заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси заради одбегнување на технолошките катастрофи, ограничување на емисијата како последица од пожар, експлозија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски инциденти и заштита на животната средина во смисла на ограничување на ефектите од емисија на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Услови за заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи:
- потребно е да се предвидат превентивни мерки од страна на стопанските субјекти за спречување на технолошки катастрофи, базирани врз анализата на однесувањето на исти или слични постројки.

- потребна е замена на халогенираните јагленоводороди како разладни средства и пропеланти, редукција на сегашната емисија на голем број на опасни супстанци и редукција на емисија на бензин, хлорометан, духлоретан, бакар и кадмиум, намалување на емисијата на јаглероден диоксид и сулфур диоксид и дефосфатизирање и денитрифицирање на отпадниот материјал.
- изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

5.2.7 Заштита и спасување од свлекување на земјиштто

Со оглед на конфигурацијата на теренот можно е настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да израбори елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5.3 Мерки за заштита на културното наследство

Во рамките на проектниот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.
Сепак, во склад со одредбите на Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Службен весник на Република Македонија, број 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14,104/15, 39/16, 11/18, 20/19), ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, изведувачот на работите е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена:

1. Да го пријави откритието во смисла на членот 129 став (2) на горе цитираниот Закон;
2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

6. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

6.1. Со овие услови за градба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од Архитектонско урбанистички проект за формирање на ГП 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3, со намена Г2 - лесна индустрија од Г.П. 9 и Г.П. 10 од ДУП „УЕ бр. 55 и 56“ (Зона на Образование и работна зона – Пребег) -Општина Штип и графичките прилози се составен дел на проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе уследи по стапување во сила на АУП-от.
6.3. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот.
6.4. Со Архитектонско-урбанистички проект се одредени:
- граница на градежните парцели 9.10_1, 9.10_2, 9.10_3

- простор ограничен со градежни линии во кој е дозволено поставување на површини за градење,
- намена на земјиштето и градбите

6.5. Во Архитектонско-урбанистички проект предвидени се следните класи на намени:

Г2 – Лесна индустрија со компатибилни класи на намена

6.6. Заради флексибилноста на документацијата, предвидени се и компатибилни класи на намени во однос на основните класи на намена, дадени во табеларните прикази од нумеричкиот дел и во графичките прилози на АУП-от, а се во склад со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

6.7. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел од документацијата.

6.8. Градежната линија се исцртува во градежни парцели каде што со планот се утврдуваат услови за идна градба.

6.9. Согласно Правилникот за стандарди и нормативи на урбанистичкото планирање (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) постојат три вида на градежни линии:

- Градежна линија како ознака за просторната граница за градење дефинирана во член 33 став 1 од овој Правилник,
- Помошна градежна линија како ознака за денивелација, пасажи или друга промена во рамките на површината на градење – во овој АУП нема ваква градежна линија,
- Подземна градежна линија со која се уредува граница на градење под котата на теренот доколку таа не се совпаѓа со градежната линија која ја ограничува надземната градба – во овој АУП нема ваква градежна линија,

6.10. Градежната линија се спореведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите.

6.11. Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

- првиот скалник од влезните партии до 30cm, ако ширината на тротоарот е поголема од 2,15м.
- Првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30cm ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25м,
- Второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. Кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90cm. Длабочина за уличен коридор широк до 12м и до 7,5% од широчината на коридоротно не повеќе од 1,50m длабочина. Елементите

на второстепена архитектонска пластика не се појавуваат на фасада на градабата најмалку 3,60 над котата на тротоарот.

- Третостепена пластика во која спаѓаат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30cm.
- Низ целата должина на фасадата на површина од 60% од фасадата може да се зафати со одреден тип на архитектонска пластика.

6.12. Кога површините за градење од страна на градежната парцела се на растојание 3m и помало не се дозволени пречекорувања на градежната линија со првостепена и второстепена пластика.

6.13. Површината на градење е планска одредба со која во урбанистичкиот план се утвдрува делот од градежната парцела која се превидува за градење на градбите. Површината за градење е дефинирана во рамките на една градежна парцела и не може да се протега низ две или повеќе парцели.

6.14. Максималната височина на градбите до кота на венец е утврдена како бројка поединечно за секоја градежна парцела во прилогот НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ.

6.15. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која покажува густина на изграденост, осносно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

6.16. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежно земјиште изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешни ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

6.17. Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежно земјиште.

6.18. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските, функционалните, климатските, геомеханичките, сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да се води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај имеративните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирањето на фасадите треба да се тежнее кон нивно максмално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот.

6.19. При проектирање на објекте треба да се применат услови за движење на лица со инвалидитет, пропишани во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање. (Сл.Весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18).

6.20. Површините за движење за пешаци кои се планираат со урбанистичките планови: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и секаде каде тоа теренот

го дозволува, да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подложен наклон од најмногу 8,33%.

6.21. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

6.22. Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежното земјиште наменето за зеленило и вкупната површна на градежно земјиште изразено во проценти. Зеленилото во градежна парцела треба да е минимум 20%**.** (Согласно Закон за урбано зеленило – Сл.весник на РМ бр. 11/18)

6.23. Услови за градење во градби, треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводување на отпадни води.

6.24. Секоја градба или комплекс од градби, за кои има потреба од водоснабдување, да се поврзе со водоводната мрежа во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши према важечките стандарди и нормативи за тој вид инфраструктура.

6.25. Секоја градба, или комплекс, за кои има потреба од одведување на отпадните води да се поврзе со инфраструктурната канализациона мрежа за одведување на фекалните води во приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена на пресекот со осовината на примарниот одводен канал, откако ќе биде извршен третман - пречистување согласно „Уредбата за класификација на водите“ (Службен весник на Република Македонија, број 18/99).

6.26. Архитектонско-урбанистички проект треба да овозможи непречено одвивање на внатрешниот сообраќај. Во однос на решавањето на проблемот на стационираниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решава во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребен број паркинг места согласно член 59 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 86/18) и согласно потребите на инвеститорот.

6.27. Земајќи ја во предвид намената на земјиштето, можна е појава на технолошки отпад. За ваквиот отпад задолжително е интегрирано управување, организирано собирање и транспортирање до место наменето за ваков вид на отпад. Загадувачите се должни да ги надоместат трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина и да ги поднесат трошоците за евентуална санација.

6.28. Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

6.29. За случајни откритија на споменички добра постојат обврски на наоѓачот согласно член 65 од Законот за заштита на културно наследство (сл. Весник на

Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11 ,23/13, 137/13, 164/13,38/14,44/14,199/14,104/15,154/15,192/15,39/16,11/18,20/19) да се пријави до Министерство за култура за преземање на заштитни мерки на истите.

6.30. Од максималната височина може да отстапуваат и сите оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко-технолошки инсталации, согласно член 48 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 83/18).

6.31. При изработка на проектна документација да се имаат предвид мерки за заштита од пожар согласно Закон за заштита и спасување (“Службен весник на РСМ ” бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/2011, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18), Закон за пожарникарство (“Службен весник на РМ ”- пречистен текст бр.168/17 и 152/19) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област како и обврската за при изградба на објектот да се изготвува техничка документација за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градба.

6.32.При проектирање да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зоните на тотални урнатини.Заштитата од урнатини да се обезбеди со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

6.33. За целокупниот проектен опфат важат општи и посебни услови кои се искажани во важечкиот **ДУП за Зона на образование и работна зона-Пребег.**

7. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

За градежна парцела $9.10._1$

Површина на парцела:	2798.15 m^2
Површина за градба	1428.99 m^2
Висина на венец:	Н=9.00м
Катна висина:	П+2
Намена на објекти:	Г2 - лесна индустрија
Висина на кровна конст.	со основен проект
Тип на кров:	кос
Процент на изграденост	51.07%
Коеф. на искористеност	1,53
Процент не зеленило	20% мин
Влез во парцела:	Од новопланирана сервисна улица

За градежна парцела $9.10._2$

Површина на парцела:	3364,22 m^2
Површина за градба за	2121,75 m^2
Висина на венец:	Н=9.00м
Катна висина:	П+2
Намена на објекти:	Г2 - лесна индустрија
Висина на кровна конст.	со основен проект
Тип на кров:	кос
Процент на изграденост	63,06%
Коеф. на искористеност	1.89
Процент не зеленило	20% мин.
Влез во парцела:	Од новопланирана сервисна улица

За градежна парцела $9.10._3$

Површина на парцела:	1255,15 m^2
Површина за градба за	625,43 m^2
Висина на венец:	Н=9.00м
Катна висина:	П+2
Намена на објекти:	Г2 - лесна индустрија
Висина на кровна конст.	со основен проект
Тип на кров:	кос
Процент на изграденост	49,83%
Коеф. на искористеност	1,49
Процент не зеленило	20% мин.
Влез во парцела:	Од новопланирана сервисна улица

8. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД ДУП									
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	површина на парцела м2	површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9	Г	Г2	4586	2962	9m	со АУП	64.59%	1.01	во парцелата
10	Г	Г2	2962	1672	9m	со АУП	56.44%	0.58	во парцелата
		ВКУПНО:	7548	4634	9m	со АУП	61.39%	со АУП	во парцелата

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ СПОРЕД АУП											
број на градежна парцела	група на класа на намени	основна класа на намени	компатибилни класи на намени на основните класи на намени	максимално дозволен % на учество на компатибилните класи на намена	површина на парцела м2	максимална површина за изградба м2	максимално дозволена височина m	број на спратови	процент на изграденост во однос на ГП %	коефициент на искористеност	паркирање
9.10_1	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	2798.15	1428.99	9m	П+2	51.07%	1.53	во парцелата 100м² корисна површина на 1 паркинг места
9.10_2	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	3364.22	2121.75	9m	П+2	63.06%	1.89	во парцелата 100м² корисна површина на 1 паркинг места
9.10_3	Г	Г2	Б1,Б2,Д2,Д3,Д4,Г3,Г4-30% В2-5% Б4-10%	49%	1255.15	625.43	9m	П+2	49.83%	1.49	во парцелата 100м² корисна површина на 1 паркинг места
	Е	Е2	/	/	130.52	/	/	/	/	/	/
				ПРОЕКТЕН ОПФАТ:	7548.04	4 176.17	/	/	55.33%	1.66	во парцелата 100м² корисна површина на 1 паркинг места

Од евидентираните нумерички показатели можеме да констатираме дека истите се во рамките на дозволените граници согласно ДУП за УЕ 55 и 56 (Зона за образование и работна зона Пребег) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ број 142/15, 217/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17, 142/17 и 86/18). согласно

Планер потписник на АУП:

Весна Василева, дипл.инж. арх.

Овластување бр. 0.0057

.

3.ИЗВОД ОД ДУП: дел од “Пребег“ со дополнување за парцели 39А, 39Б, 39В, 39Г, 40А и 40Б

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5804/2 од 20.09.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 497

ДУП: дел од "Пребег" со дополнување за парцели 39А, 39Б, 39В, 39Г, 40А и 40Б

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0201-1864/1од 12.06.1980год.

Одлука бр: 0201-1926/1од 08.07.1982год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма .
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување .

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов

граница на опфат
П+1
38
39
39А
39Б
39В
39Г
40
40А
40Б
41
42

ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

"П Р Е Б Е Г "

1. Со локацијата на објектот покрај проектот за објектот да се бара и проект за уредување.

2.Пред да се реализира населбата потребно е да се изврши геолошки испитување на теренот.

3. При При разработката на архитектонскиот проект да не се предвидуваат поголеми ископи околу објектот.

4. При изградбата на локацијата за колективни стамбени згради и изработката на дворните уредувања да се обезбеди по едно паркинг место или гараже за секоја стамбена единица.

5. Крововите на сите објекти да бидат коси со пад на кровните површини на поголем од 1:3.

6. Стреите на крововите да изнесуваат мин. 80 см.

7. Објектите да се проектираат за трусно подрачје од IX степени по МСЗ скалата.

8 . Коефициентот на изграденоста на парцелата да изнесува од 0,22 до 0,33.

9. Минималните растојанија од габаритот на објектот до границата да изнесува мин. 3,0 м.

10. Сите објекти да содржат подрумски помошни простории.

11. Секоја индивидуална стамбена зграда треба да има мин. 1 гараža во подрум.

12. Дворните места да се оградуваат со зелени "живи" огради.

13. За приклучок на комуналните инфраструктури инвеститорот е должен да се обрати до соодветните комунални организации.

4.ИЗВОД ОД ДУП: Измена и дополнување на дел од “Индустриска зона” УБ 52 (УМ 1 и 2)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5572/2 од 15.09.2023год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 474

ДУП: Измена и дополнување на дел од

"Индустриска зона" УБ 52 (УМ 1 и 2)

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-771/1 од 15.04.2004год.

07-888/1 од 31.01.2013год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-1 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
     - Легенда
     - Табела со нумерички показатели
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица
   - **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов



граница на опфат

СИНТЕЗЕН ПЛАН

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- 1 ОЗНАКА НА МОДУЛ
- (1) НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- АО АДМИНСТРАЦИЈА
- ДГ ДЕТСКА ГРАДИНКА
- ТУУ ТРГОВИЈА,УГОСТИТ. УСЛУГИ
- ТР ТРГОВИЈА
- П ПЕЧАТНИЦА
- ЗО ЗАЕДНИЧКИ ОБЈЕКТИ
- УО УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ
- КОН КОНФЕКЦИЈА
- ПОР ПОРТИРНИЦА
- МАГ МАГАЦИН
- П ПРЕХРАНА
- ЗЗ ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА УЛ. "БРЕГАЛНИЧКА"



ПРОФИЛ НА НОВОПРОЕКТИРАНА УЛИЦА ВНАТРЕ ВО КОМПЛЕКСОТ НА КОНФЕКЦИИ

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР ПЕШАЧКА ПАТЕКА

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) и член 21 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09 и 04/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 31 јануари 2013 година, денесе

О Д Л У К А
ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ДУП ЗА ДЕЛ ОД ИНДУСТРИСКА ЗОНА-ОПШТИНА ШТИП, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 52, УРБАН МОДУЛ 1 И 2 ОПФАТ МЕЃУ УЛИЦИТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ И „БРЕГАЛНИЧКА“

Член 1

Во Измена и дополнување на дел од ДУП за дел од ИНДУСТРИСКА ЗОНА - Општина Штип, дел од УБ 52, урбан модул 1 и 2, опфат помеѓу улиците: „Гоце Делчев” и „Брегалничка”, донесен со Одлука број 0701-771/1 од 15.04.2004 година табелата со урбанистичките параметри во текстуалниот дел од планската документација и графичкиот прилог синтезен план од Планската документација, се заменува со следната табела:

Бр. на пар.	Сопственик на парцела намена на објекти	има нема изграде-но објект	мах. висина	површ. на парцел (м2)	п(м2) градба	бруто п(м2) развиена	процент на изград. %	коефиц. на искорис-теност
	МОДУЛ 1							
1.	**ЛИНЕА и ЛАБОДМАК**			2790		6045	70	2.2
	П.П.-конфекција	има	Нпост.		2083			
2.	**ЕСКАДА и ВАБО**			9050		11 627	82	1.3
	П.П.-конфекција	има	Нпос. Нм=8 м		7933			
3.	**В.И.Т.**			3777		57374	70	1.43
3.а	П.П.-конфекција	има	Нмах=8 м		2577			
3.б	АО- администрација	има	Нмах=4.0 м		110			
4.	**ЛАРС и МОНД**			4835		9975	62	1.9
	ПП.-конфекција	има	Нмах=9.5 м		3325			
5.	**МОДЕНА и В&Е**			3405		6555	64	1.92
	ПП.-конфекција	има	Нмах=9,5 м		2185			
6.	**В&Е**			1516		1572	52	1.0
	П.П.-конфекција	има	Нмах=7.5 м		786			
7.	**МАКПОЛ**			1835		2068	56	1.13
	МАГ-магацин, тргов.	има	Нмах=7.5 м		1034			
8.	**ВАБО**			8588		9126	53	1.06
8. а	П.П.- конфекција	има	Нмах=9-0 м		1835			
8.б	П.П.- конфекција	нема	Нмах=9.0 м		1527			
8. в	АО управна зграда	во изг.	Нмах=9.0 м		727			
8. г	ТУУ-трговија, угостит. услуги	нема	Нмах=7.5 м		464			
9.	**ВАБО, ЛИНЕА, ЛАБОДМАК, В.И.Т.,МОНД , В&Е, МОДЕНА, ЛАРС, ЕСКАДА**							
	У.Х. угостителство, хотел	има	Нмах=8.0 м	3 048	1 415	2830	46	0.9
10.	**ЛИНЕА, ЛАБОДМАК, В.И.Т., МОНД, В&Е, МОДЕНА, ЛАРС, ЕСКАДА**							
	магацини, админ.	нема	Нмах=8.0 м	4103	2000	4000	49	1.0
11.	**АО - администрација**	нема	Нмах=12м		1 500			

11. 1	**ЛИНЕА, ЛАБОДМАК, В.И.Т., МОНД, B&E, МОДЕНА**							
11.1 а	АО - управна зграда	има	Нмах-12 м		635			
11.1	ПОР - портирница	има	Нпост=3.5м		120			
12.	**МОНД**			584		550	47	0.9
	КО - трговија, услуги	има	Нмах=7.5 м		275			
13.	**ЛАРС**			732		760	29	0.6
	А - амбуланта	има	Нмах=7.5 м		380			
14.	главна портирница	има	Нпост.	42	42		100	1.0
15.	**СИМАК**			390		390	100	1.0
	ТР - салон за намештаі	има	Нпост.		390			
16.	**КИОСК**	нема	Нмах=2.5 м	12.5	12.5	12.5	100	1.0
16.1	**МАЛ ОДМОР**					405	40	0.4
	УО - угостителски објект	има	Нпост.	1011	405			
17.	**МАКПРОМЕТ-М**			12504		10456	42	0.83
17. а	ПЕЧ-печатница	има	Нмах=7.5 м		2052			
17.б	АО - управа	има	Нмах=7.5 м		2075			
17. в	ПП - прехрана	има	Нмах=7.5 м		609			
17. г	ПП - прехрана	има	Нмах=7.5 м		492			
18.	**ДГ-детска градинка**	има	Нпост.	4840	2260	4520	50	1.0
19.	**ЗО - трговија со домување**	има	Нпост.	506	125	250	25	0.5
20.	**ЗО - магацин со домување**	има	Нпост.	1 785	551	1 102	31	0.6

МОДУЛ 2

2.1.	**МАВИС**			10 537		9 712	36	1.0
2.1.а	П.П.-конфекција	има	Нпост		1 376			
2.1.b	П.П.-конфекција	има	Нпост +2		712			
2.1.b	П.П.-конфекција	нема нема	Нмах=9.0 м		1 530			
2.2.	**АСТЕКС**			13 953.5		10 748	70	1.43
2.2 а	А.О.-администрација	има	Нмах=9.5 м		256			
2.2 b	П.П.-конфекција	има	Нмах=8.0 м		4 920			
2.2 в	П.О.-помошни објекти	има	Нмах=3.0 м		140			
2.3	ГРАДИТЕЛ - 93			2 942		1 432	51	0.5
	МАГ.- магацин	има	Нмах=8.0 м		716			
2.4.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	3 468	1 705	3 410	50	1.0
2.5.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	2 580	1 350	2 700	52	1.0
2.6.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	3 227	1 668	3 336	52	1.0
2.7.	П.С. – плинска станица	има	Нмах=3.0 м	6 189	1 212	1 212	20	0.2

Член 2

Оваа Одлука влегува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Штип“.

Број 07-888/1
31 јануари 2013 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Сузана Николовска

МОДУЛ 2

2.1.	МАВИС			10 537		9 712	36	1.0
2.1.а	П.П.-конфекција	има	Нпост.		1376			
2.1.б	П.П.-конфекција	има	Нпост.+2		712			
2.1.б	П.П.-конфекција	нема	Нмах=9.0 м		1 530			
2.2	АСТЕКС			13 053.5		10 748	70	1.43
2.2.а	А.О.- администрација	има	Нмах=9.5 м		256			
2.2 б	П.П.-конфекција	има	Нмах=8.0 м		4 920			
2.2 в	П.О.-помошни објекти	има	Нмах=3.0 м		140			
2.3	ГОЛДИТЕП - 93			2 943		1 432	51	0.5
	ПП.-конфекција	има	Нмах=8.0 м		716			
2.4.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	3 468	1 705	3 410	50	1.0
2.5.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	2 580	1 350	2 700	52	1.0
2.6.	П.П.- производен погон	нема	Нмах=8.0 м	3 227	1 668	3 336	52	1.0

ПОВРШИНИ ЗА ГРАДБА	МОДУЛ 1 П(м2)	МОДУЛ 2 П(м2)	ВКУПНО П(м2)
ПРОИЗВОДНИ ПОГОНИ	28 074.00	10 197.00	38 271.00
ЈАВНИ ОБЈЕКТИ(администрација, детска град.)	7 396.00	1 626.00	9 022.00
КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ	3 230.00	800.00	4 030.00
ЗАЕДНИЧКИ ОБЈЕКТИ	676.00	-	676.00

ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	МОДУЛ 1 П(м2)	МОДУЛ 2 П(м2)	ВКУПНО П(м2)
ПОВРШИНА НА ПАРЦЕЛИТЕ	71 819.00	44 510.00	116 329.00
ПОВРШ. НА СООБРАЌАЈНИЦИ И ПАРКИНЗИ	16 875.00	8 180.00	25 055.00
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	7 451.00	5 085.00	12 536.00
ВКУПНО П(м2) НА ОПФАТ	**96 145.00**	**57 755.00**	**153 900.00**

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 15.4ха и претставува изградена површина со индустриски капацитети. Границите на опфатот се движат по :

- од исток започнува од улицата "Брегалничка",
- од јужната страна по крак на улицата Тоце Делчев"
- од запад по осовината на булеварот Тоце Делчев"
- од север по границата со парцелата на "Метална".

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП претставува работна зона.

Со предложениот ДУП во границата на опфатот површината е наменета за:

- Простор наменет за индустриско производсво - лесна индустрија

- Простор наменет за јавни функции - административни објекти за потребите на постојните индустриските капацитети, детски градинки во склоп на постојните конфекции за потребите на нивните вработени,
- Простор наменет за комерцијални објекти
- Простор наменет за заеднички објекти
- Простор наменет за сообраќајници и паркинзи
- Простор наменет за заштитно и линеарно зеленило

Простор наменет за индустриско производство - лесна индустрија

Просторот наменет за индустриско производство лесна индустрија (конфекционирање на облека) во границите на опфатот изнесува 3.8 ха.

Во модул 1 површината за производство изнесува 2,80 ха. Тука најголем простор завзема просторот на поранешната МК "Астибо" која сега е препарцелирана на 13 парцели према новите сопственици и една заедничка парцела за главната портирница. Заедничката граница на поранешната МК "Астибо" према соседните парцели (Макпромет-М и поранешен Југотутун сега конфекција "Мавис") си останува, а внатре просторот се разделува према новите сопствености. На заедничко користење остануваат внатрешните сообраќајници, ресторанот за друштвена исхрана и главната портирница. Постојната управна зграда исто така ќе ја користат поголем дел од сопствениците.

Коефициентот на искористеност на сите нови парцели е под максимално дозволениот (3,0), исто така и процентот на изграденост е под максимално дозволениот (70%), освен за парцела 2, каде што постојниот објект е заобиколен со заедничките сообраќајници и нема можност да добие поголема парцела. Но бидејќи овие парцели ќе немаат огради и ќе функционираат како еден поголем комплекс за текстилна индустрија каков што беше поранешен "Астибо", вкупниот процент на изграденост во тој комплекс не надминува повеќе од максимално дозволениот. Исто така парцела бр. 15 (Симак), процентот на изграденост е 100%, каде парцелата и габаритот се поклопуваат (постојна состојба).

Во границите на модул 1 се наоѓа и парцелата на Маклромет-М фабрика за производство на бомбони и локум, а во нејзин склоп е и постојната печатница Макпромет-Илинден. Овде по барање на сопственикот си останува една парцела по старите граници, а планот предвидува проширување на габаритите и надградби на постојните објекти.

Во границите на модул 1 се наоѓаат уште: детската градинка која се издвои како посебна парцела од парцелата на поранешната МК "Астибо", угостителскиот објект "Мал одмор", салонот за намештај "Симак" и два постојни заеднички објекти-домување со трговија и магацински простор.

Површината на модул 2 изнесува 5.77 ха. Во негов опфат се поранешен "Југотутун" и ф-ката за сијалици "Селена". Поранешниот "Југотутун" сега е конфекција "Мавис", а ф-ката "Селена" сега е сопственост на конфекција "Астекс". Во овој опфат се наоѓа и парцела на "Градител", посебна парцела на плинската станица и три нови урбанистички парцели кои ќе имаат пристап од кај плинската станица, односно одкај пристапот за "Баргала".

Во планираниот развој на овие намени се работи за флексибилно третирање на намените, а реализацијата ќе биде според современите потреби и според барањата на пазарот и потребите на корисниците. Можно е групирање на содржините во еден објект односно се според потребите и желбите на инвеститорите а согласно Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и 50/03).

Максималната дозволена висина на структурите за производство изнесува од 7,5 до 9.50 метри, мерено од теренот односно заштитниот тротоар до котата на венецот.

Јавни објекти - административни згради, детска градинка, амбуланта

Во опфатот постојат јавни објекти кои овој план ги потврдува - ги вклопува со постојните габарити, на некои се предвидуваат надградби, и се предвидуваат нови габарити за идните потреби. Така надградба е предвидена над постојната управна зграда на поранешна "Селена"- сегашен "Астекс", управната зграда на поранешна МК "Астибо" е вклопена со постојната висина и габарит, во соседната парцела е предвидена нова управна зграда со Нмах-12,0 м, во парцела бр.8 е предвидена нова управна зграда со магацински дел во приземјето со Нмах=9,0 м; во парцела бр. 13 е предвидена здравствена станица-амбуланта која ќе ја користат вработените од сите конфекции. Управната зграда во парцелата на Макпромет-М се вклопува со постојната висина и габарит.

Комерцијални објекти - угостителски објекти, трговија

Во опфатот на овој план за индустриската зона постојат и комерцијални објекти - угостителски објекти, објекти наменети за трговија, кои се вклопуваат во планот, а истовремено се предвидуват и нови габарити за оваа намена. Овие објекти се во склад со бараните прописи дадени во Правилникот за планирање на просторот и правилникот за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 02/02 и 50/03).

Пред главната портирница на комплексот на конфекции (пред поранешниот влез на МК "Астибо") предвидена е локација за поставување на киоск за продажба на весници, цигари и друга ситна стока, како дел од урбаната опрема. Поставениот киоск треба да биде тип "Полипласт" со димензии 2x2,5x2,5 метри, односно 5x2,5 м. (дупли киоск).

Заеднички објекти

Во опфатот на овој план постојат и две парцели за заеднички објекти - домување во комбинација со трговија и магацински простор. Како постојни тие се вклопени во урбанистичкото решение со истата висина, а предвидено им е проширување на габаритот.

План на зелени површини

Во рамките на опфатот предвидено е зеленило. Најголем процент на зеленило е предвидено како заштитно зеленило околу индустриските

парцели, а исто така се јавува и внатре во парцелите како парковско зеленило.

Висински план

Висината на објектите во комплексот ќе се движат различно во зависност од намените на објектите кои се детално дадени погоре во текстот. Истата се движи од 3,5 м до максимум 12,0 м. и претставува висината од котата на тротоар која се зема за нулта точка, па се до завршниот венец на објектот.

План на парцелација

Деталниот урбанистички план во рамките на своите граници опфаќа површина од 15.4 ха. Во модул 1 предвидени се 20 урбанистички парцели со вкупна површина од 7.18 ха, а во модул 2 седум урбанистички парцели со вкупна повррщина 4.45 ха.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти (Сл. в. на РМ бр. 02/02 и 50/03) и се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Во целиот зафат за регулациона линија е земена внатрешната линија на тротоарот.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот , или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси кровови со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со колски приоди за моторни и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Паркирањето за вработените и за посетителите е решено со паркинг простор пред влезовите во кругот на индустриските парцели. а делумно и внатре покрај објектите каде тоа го дозволува просторот.

Паркинг просторот пред влезовите во кругот на инд. парцели е решен во две нивоа - со подземно паркирање и паркирање во ниво, како би се дуплирал просторот за паркирање и задоволил условот за паркирање на овие комплекси.

Плански решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и производните погони.

Сообраќајно решение

Во однос на сообраќајното решение - пристап до овие индустриски комплекси, ништо посебно не се менува, тие имаат добар пристап од булеварот "Гоце Делчев" и изведени паркинг простори пред влезовите. Корекцијата од сообраќаен аспект во новото урбанистичко решение е направено со предвидување на една нова сообраќајница помеѓу урб. парцела бр.7 и урб. парц. бр.9 и 2 за полесен пристап до парцелите бр. 5 и 6 и истовремено се обезбедува кружно движење околу целиот простор. Ширината на новата сообраќајница е 6.0 метри. Профилите на сите сообраќајници дадени се во графичките прилози и се изработени спрема стандардите и нормативите за планирање на јавните патишта.

Нова сообраќајница е предвидена и за пристап до трите нови парцели во модул бр. 2 откај пристапот за "Баргала" со ширина 6,5 метри.

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите како вертикална и хоризонтална треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите на кривините и техничките елементи на мрежата кон и од локалитетот потребно е да овозможуваат брзини на движење според правилникот.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

Снабдувањето на постоечките објекти со вода се врши од постојниот градски водовод. Постоечката водоводна мрежа е постара од 30 години и истата не ги задоволува потребните стандарди. Поради тоа потребно е реконструкција и замена на постоечката инфраструктура со нова која ќе ги задоволи наведените параметри.

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Со реконструкција на постојните индустриски капацитети према потребите на новите сопственици и со идната изградбата на новите производни капацитети предвидени со планот, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према сегашните и идните потреби на корисниците.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Водовод

Со урбанистичкиот проект од аспект на нови водоводни линии предвидено е следното:

- ул."Гоце Делчев" - Поради материјалот како и поради местоположбата на оваа линија планирана е реконструкција на истата со профил Ф3ОО (од камениот мост до "Мал одмор") и Ф250 (од "Мал одмор" до опфатот на планот.
- ул."Брегалничка" - Поради малиот профил предвидено е нова водоводна линија со профил Ф80.

Канализација

Од аспект на нови канализациони линии предвидено е:

- ул."Гоце Делчев" - На оваа улица предвидено е нова канализациона линија од опфатот на планот до преминот под поранешното "Астибо "до постоечкиот премин и нова линија и премин под печатницата.

Напоменуваме дека со проектот не се решавани приклучоците, а со самото тоа не ја исклучуваме можноста од потреба од дополнителни потези меѓу објектите.

Во анализата за отпадните води опфатени се само фекалните отпадни води додека одводот на атмосверските води задолжително треба да се решаваат со посебен проект.

Биланс на површините во планирана сосгo/ба на *супра и инфраструктурата*

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 15,4 ха. Во планот се предвидени следните намени:

(КОН) - конфекции; (ПП) - производни погони; (МАГ) - магацини; (АО) Административни објекти; (ДГ) - детска градинка; (У,Х) - угостителство, хотел; (ТУУ)- трговија, угостителство, услуги; (ПЕЧ)- печатница; (А) - амбуланта; (ПОР)- портирница; (ЗО) - Заеднички објекти за домување со деловно-услужни содржини на приземјето; сообраќајни површини; паркинзи; зеленило.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 15,4 ха и е постојно индустиско јадро.

Бидејќи се работи за лесна индустија, загадување од индустриските капацитети нема, освен од технолошките постројки-котларници и плински станици.

Основен загадувач на просторот претставува постоењето на моторен сообраќај .Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата и камионите кои се движат по постојните улици и внатре во комплексот.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример вработени, посетители, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.5 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус лериод.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Основен, а воедно и доминантен вид на градба во работната зона се погоните за индустриско производство во најголем дел за конфекционирање на облека, од јавните објекти администрација, а во зоната за комерцијални објекти највеќе се застапени објекти за

   угостителство како и дел објекти за услуги и секојдневно снабдување на вработените во оваа работна зона.

2. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на превидените со Правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела оделно.

3. Во архитектонското обликување на објектите покрај наменските,функционалните,климатските,геомеханичките,сеизмичките, и другите микролокациски услови, треба да води сметка за специфичностите на прирачните градежни материјали и традиционалните вредности и културата во градењето. Покрај императивните услови кои произлегуваат од дозволените граници на изградба, во компонирање на фасадите треба да се тежнее кон нивно максимално усогласување со соседните објекти со композициските линии на соседите, но сепак со максимално почитување на индивидуалноста на сопственикот и креативноста на архитектот. Максималните висини напредвидените објекти се дадени пооделно за секој објект.

4. Сообраќајниците внатре во комплексот на поранешната МК "Астибо" претставуваат заеднички простор кој заеднички ќе го одржуваат и користат сите сопственици на пооделните урбанистички парцели. Исто така и зелените површини кои се надвор од од парцелите на сопствениците, претставуваат заеднички простор и заеднички ќе се одржуваат.

5. Посебните урбанистички парцели внатре во комлексот на поранешен МК "Астибо" пожелно е да на се оградуваат, како несметано би се одвивал сообраќајот внатре во комплексот.

6. Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

7. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме

(највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.

8. Покрај производните погони предвидени се и објекти од угостителство и услужни - комерцијални содржини како составен дел на потребите за работната зона, а се според важечките нормативи и правилници.

9. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе се решава на двата веќе изградени јавни паркинг-простори за таа намена надвор од границите на сопсвеност и дел внатре во парцелите, особено пред административните објекти према потребите и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр, 02/02 и 50/03). Под двата паркинг простора се

предвидува подземно паркирање-паркирање во две нивои, како би се задоволил условот за паркирање. Услов што треба да биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на ларцелата односно објектот.

10. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

11. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

12. Условите за изградба на сите предвидени објекти треба да содржат и посебни услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

13. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти и објектите за производство, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и другите слободни простори како парковско зеленило.

14. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат со посебна заштита со мрежа околу нив заради заштита од разнесување на текстилниот отпад.

15. Локациите на заедничките контејнери мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со оној што ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

5.ИЗВОД ОД ДУП за СРЦ “БРЕГАЛНИЦА”

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18- 5570/1 од 15.09.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 475

ДУП: за СРЦ"БРЕГАЛНИЦА"

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 07-5011/1 од 10.07.2014год.

09-8374/2 од 07.11.2016 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип -1 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граници на плански опфат за кој се однесува барањето за изводот со:
  - Легенда
  - Табела

2.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

- Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица
- **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


КАМЕН МОСТ(СПОМЕНИК НА КУЛТУРАТА)
УЛ. "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"
"Медицински центар" – Штип
Градски базен
Игралиште
Тениско игралиште
Нмах=16.0м
П+4
П+2
Н3
Б1
Д1
Д2
Д3
П
1.1
1.2
1.3
2.6
2.7
2.8
1404
1405
1406
1409
1410
1411
1412
83271
река Брегалница
граница на опфат

ЛЕГЕНДА:

ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ-П=4,79Ха

1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

ЛП ГРАНИЦА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА

РЛ РЕГУЛАЦОНА ЛИНИЈА

ГЛ ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

Д3 КЛАСА НА НАМЕНА

Нмах=.....м ВИСИНА ВО МЕТРИ

П+.... ВИСИНА ВО КАТОВИ

РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК

259.600 НИВЕЛАЦИСКИ КОТИ

ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ:

Б5 ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Д1 ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО

Д2 ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО

Д3 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

Е2 КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА ТРАФОСТАНИЦА

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА на ДУП за СРЦ "БРЕГАЛНИЦА" - ОПШТИНА ШТИП - П=4.79Ха									
нумерација на блок	нумерација на градежна парцела	класа на намена	компатибилна класа на намена	максимална висина	катност	површина на градежна парцела (м2)	максимална површина за градба (м2)	максимална бруто развиена површина (м2)	потребен број паркинг места
01	02	03	04	05	06	07	08	9	10
СРЦ "БРЕГАЛНИЦА"	1.1	Д3 (С. и Р.)	(А4,Б1,Б3)-32.31%	10.00 м	П+2	14970м2	12578м2	30187 м2	
	1.2	Е2(К.Г.)	-	16.00 м	-	2312м2	1516м2	-	
	1.3	Б5(Хот.)	- 7.69%	16.00 м	П+4	3680м2	2283м2	11415 м2	
	1.4	Е2(Трафо.)	-	4.00 м	П	116м2	40м2	40 м2	
	ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО					1971м2			
	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО					2999м2			
	РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК					5003м2			
	СООБРАЌАЈ					16813м2			
	БЕСПРАВНА ГРАДБА					0м2			
	ВКУПНО					47864м2	16417м2	41642м2	

Согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање

("Сл.Весник на РМ" бр.142/10 , 64/11 , 98/11 и 169/11)

ИСПРАВКА НА ТЕХНИЧКА ГРЕШКА НА
Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип

При изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип** , при оформување на градежната парцела 1.1, од страна на планерите е направена техничка грешка.

Со дописот испратен од страна **Општина Штип** се бара дефинирање на компатибилната класа на намена на површината на **ГП1.1**, во текстуалниот дел од посебните одредби и во табеларниот приказ.

Текстот и нумеричките показатели дадени во Посебните Услови за изградба за ГП 1.1, стр.48, 49 и 50, кои треба да се корегираат во оригиналната форма гласат :

Во градежната парцела 1.1 (Д3) - (спорт и рекреација)-отворени и затворени спортски терени , која е со вкупна површина од **14970 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **12578 м²**, максимална бруто развиена површина од **10062м²**, и процент на изграденост од **67.22%.** Предвидените компатибилни класи на намена се: Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици и Б3-големи угостителски единици со максимална застапеност од 25% и

Планирана е максимална висина до кровен венец од **10.00 м** и планирана висина по катови **од П+2**.

Планираната површина за градба ќе се разработува со Архитектонско урбанистички проект и ќе преставува услов за понатамошна постапка.

Потребниот број на паркинг места, ќе се обезбеди во склоп на катната гаража. Паркинг местата се утврдени согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**). Согласно цитираниот правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за планираната класа на намена Спорт и рекреација-Д3, се предвидува 1паркинг место на 10 посетители.

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната сервисна улица "1".

1.1	Д3 (С. и Р.)	(А4,Б1,Б3)-32.31%	10.00 м	П+2	14970м2	12578м2	30187 м2	67.22%

Корегираниот Текстот и нумеричките показатели дадени во Посебните Услови за изградба за 1.1, стр.48, 49 и 50, треба да гласат :

Во градежната парцела 1.1 (Д3) - (спорт и рекреација)-отворени и затворени спортски терени , која е со вкупна површина од **14970 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **12578 м²**, максимална бруто развиена површина од **10062м²**, и процент на изграденост од **67.22%.** Предвидените компатибилни класи на намена се: Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици и Б3-големи угостителски единици со максимална застапеност од 25%.

Планирана е максимална висина до кровен венец од **10.00 м** и планирана висина по катови **од П+2**.

Планираната површина за градба ќе се разработува со Архитектонско урбанистички проект и ќе преставува услов за понатамошна постапка.

Потребниот број на паркинг места, ќе се обезбеди во склоп на катната гаража. Паркинг местата се утврдени согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**). Согласно

цитираниот правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за планираната класа на намена Спорт и рекреација-Д3, се предвидува 1паркинг место на 10 посетители.

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната сервисна улица "1".

1.1	Д3 (С. и Р.)	(Б1,Б2,Б3)-32.31%	10.00 м	П+2	14970м2	12578м2	30187 м2	67.22%

Прилог: КОМПЛЕТЕН ПЛАН:TEKST-PDF I ГРАФИКА-DWG.

ОКТОМВРИ, 2016 година
ПЛАНЕРИ:

С К О П Ј Е

Благоја Радевски, диа

Лилјана Радевска, диа

Љубица Тофиловска,диа

IV.1.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Вид на план, назив на подрачјето и плански период

Предмет на работа е изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**, во кој е применет методолошки пристап и постапка во согласност со Одредбите од Законот за Просторно и урбанистичко планирање **(Службен весник на РМ број 24/08, 91/09, 124/10, 18/11,53/11 и 60/11)**.

Плански период е 2011 - 2016 година.

Имајќи ги во предвид **Изводот од ГУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип како и Извод од ДУП за СРЦ "Брегалница"**, како влезни параметри и смерници при планирањето на просторот се пристапи кон изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**,за изградба на објекти со намена: Д3-СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, А4-ВРЕМЕНО СМЕСТУВАЊЕ, Б2-ГОЛЕМИ ТРГОВСКИ ЕДИНИЦИ и Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА-катна гаража и трафостаница.

Содржината на планот е утврдена со Законот за Просторно и урбанистичко планирање **(Службен весник на РМ број 24/08, 91/09, 124/10, 18/11,53/11 и 60/11)**, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("**Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**) и Правиникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр. 78/06).

2. Географска и геодетска местоположба

Според состојбата на терен планскиот опфат, кој е предмет на разработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип, е** со површина од **4.79 ха.**

Новопредвидениот опфат се движи на северната страна по осовината на сервисната улица "Гоце Делчев", на североисточната страна граничи со осовината на мостот на река Брегалница на источната страна оди по осовината на реката Брегалница, а на југозападната страна оди по осовината на магистралната улица "Гоце Делчев".

3. Извод од ГУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип

Изводот од ГУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип, треба да претставува влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, во согласност со истиот.

Прилог на документационата основа претставува и копијата од **Извод од ГУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

4. Извод од ДУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип

Изводот од ДУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип, треба да претставува влезен параметар и смерница при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето во соодветниот плански документ, во согласност со истиот.

Прилог на документационата основа претставува и копијата од **Извод од ДУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

5. Опис и образложение на планскиот концепт

Просторот кој го зафаќа планскиот опфат претставува една урбана целина.

Површината на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Согласно **Измената и дополната на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**, на предметниот опфат се предвидува максимална површина за градба која понатаму согласно член 51а од Законот за Просторно и урбанистичко планирање **(Службен весник на РМ број 24/08, 91/09, 124/10, 18/11,53/11 и 60/11)**, ќе се разработи со Архитектонско урбанистички проект и Основни проекти.

Висината на објектите е предвидена од: П или изразена во метри должни од 6.0м. до кота на венец за објектите со класа на намена **Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** , П или изразено во метри должни од 4.0м. до кота на венец, - за објекот со класа на намена **Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА -ТРАФОСТАНИЦА,** П+4 или изразена во метри должни од 16.0м. за објектите со класа на намена **Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ** и 16м за објекот со класа на намена **Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - КАТНА ГАРАЖА.**

Просторот кој го зафаќа планскиот опфат претставува една урбана целина.

Површината на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Во графичките прилози е означен со граница на плански опфат. Во табели во графичкиот и текстуалниот дел, дадени се урбанистички параметри за секој објект од планскиот опфат со своја нумерација пооделно на ниво на планскиот опфат.

Појдовна точка во просторниот концепт на планскиот опфат е концептот на создадените услови за промени за осовременување на предметниот опфат, како и планерските концепти базирани врз наведениот Правилник.

Во границите на планскиот опфатот според системот на класи на намени, предвидени се следните класи на намени : Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА и Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА-трафостаница, Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - КАТНА ГАРАЖА.

Класата на намена Б5-хотелски комплекси е планирана како компатибилна класа на намена на класата на намена Д3 на ниво на плански опфат со процентуална застапеност од 7.69% што е помала од дозволените 20% во однос на основната класа на намена Д3.

Класите на намени се дадени со кратенки впишани во секоја градежна парцела поединечно, разработени во графичкиот прилог и во табелите со урбанистички показатели за секој објект поединечно, на ниво на плански опфат.

Висините на објектите се во согласност со член 61 од од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**) и истите се предвидени поединачно за секоја површина за градба - градежна парцела. Покрај висината на венец, во нумеричките податоци при разработка на блокот за **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** се дадени катностите на планираната висини за градба.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај за сите класи на намени, потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во склоп на катната гаража, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, како и почитување на член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Максимално е почитувана постојната улична мрежа.

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

6. Опис и образложение на плански решенија за изградба

6.1. Единици на градежно земјиште

Просторот кој го зафаќа планскиот опфат претставува една урбана целина.

Површината на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Новопредвидениот опфат се движи на северната страна по осовината на Булеварот "Гоце Делчев", на североисточната страна граничи со осовината на мостот на река Брегалница на источната страна оди по осовината на реката Брегалница, а на југозападната страна оди по осовината на улицата "Гоце Делчев".

6.2. Класа на намени

Намена на земјиштето во планскиот опфат е дефинирана со изработката на **Измена и дополна на Детлниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** дополнета со потребите на современиот економски развој во овој простор, а ја претставуваме според терминологијата од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат се:

- Д-ЗЕЛЕНИЛО -

  Д1-ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО,
  Д2- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО и
  Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- Е- ИНФРАСТРУКТУРА -

  Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница и катна гаража)

Компатибилните класи на намена на земјиштето се предвидуваат на ниво на плански опфат според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Компатибилни класи на намена на **Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** се: Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици и Б3-големи угостителски единици со максимална застапеност од 25% и

Б5-Хотелски комплекси со максимална застапеност од 15.00% на ниво на плански опфат.

Во однос на решавање на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање на градежните парцели ќе се решаваат во склоп на катната гаража со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба, согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

6.3. Инфраструктура
6.3.1 Сообраќај

Основните предности на опфатот се што се наоѓа во самиот град Штип, сообраќајно добро поврзан со останатиот дел од градот и со околните регионални и магистрални патишта.

Измената и дополната на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип, овозможува сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела, односно објект.

Пристапот до градежните парцели во планскиот опфат е обезбеден преку новопланираните сервисна и станбена улица.

Потребите за паркирање и гаражирање ќе се решаваат во склоп на катната гаража, со почитување на потребен број паркинг места како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба а во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Профилите на планираните улици се дадени во Сообраќајниот план од **Измена и дополна на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

Во опфатот кој е предмет на изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** се опфатени постојните и новопланираните сервисни и станбени улици, како и магистралната и собирната улица превземени од ГУП на Град Штип и претходен ДУП за овој плански опфат.

МАГИСТРАЛНА УЛИЦА: "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

Улицата поминува покрај самиот опфат од југозападната страна со вкупен профил од 45.0м.(2х10.5м коловоз +2х2.5м.велосипедска патека+ 2х3.0м заштитно зеленило + 2х4.0м тротоар и + 1х5м заштитно зеленило)

СОБИРНА УЛИЦА: "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" -

Улицата, поминува покрај самиот опфат од северната страна со вкупен профил од 15.0м.(2х3.5м коловоз+2х4.0м тротоар)

СЕРВИСНИ УЛИЦИ: СЕРВИСНА УЛИЦА "1"

Сервисната улица е во самиот опфат и истата е со вкупен профил од 9.5м.(2х3.25м. коловоз+2х1.5м. тротоар)

СТАНБЕНИ УЛИЦИ: СТАНБЕНА УЛИЦА "1" и "КАМЕН МОСТ"

Станбените улици во самиот опфат се новопланирани и истите се со вкупен профил од:

- Новопланирана станбена улица - "1"

е со вкупен профил од 8.5 м.(2х2.75 м.-коловоз+ 2х1.5 м. тротоар).

СТАНБЕНА УЛИЦА: "КАМЕН МОСТ"-ИЗВЕДЕНА

Станбената улица поминува од североисточната страна на опфатот со вкупен профил од 9.0м.(2х3м. коловоз+2х1.5м. тротоар)

ПЕШАЧКИ МОСТ

Пешачкиот мост поминува од североисточната страна на опфатот со вкупен профил од 10.0м.

Попречни профили на сообраќајната инфраструктура



Стационарниот сообраќај се решава во склоп на Катната гаража, согласно член 61 од **Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање** ("Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11).

Комплетна сообраќајна сигнализација на уличната мрежа и паркинзите, како вертикална така и хоризонтална, треба да се изведе согласно прописите од областа на сообраќајот.

Радиусите и кривините на уличната мрежа се дадени адекватно во согласност со прописите од областа на сообраќајот и истите се стандардни

Сообраќај од аспект на противпожарна заштита

Сообраќајниот систем во планскиот опфат се состои од сервисни и станбени улици.

При конципирање на сообраќајот планирано е непречено движење на пожарните возила.

Сите сообраќајници и пристапи планирани се така да овозможуваат непречен пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Нивелациско решение

Со изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** пристапено е кон изработка на нивелациско решение за истиот опфат. Предмет на изработка на нивелациското решение е изработка на вертикално решение на улиците од опфатот.

Појдовна основа за изработка на вертикалното решение е постојната нивелета и постојниот терен на опфатот.

6.3.2. Основни решенија на комуналната инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се засноваат на постојната и планираната состојба. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид на објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа) и усогласени со главните проекти за истата.

Обврзувачки е реализацијата на **Измена и дополна на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** да се решава преку Основни проекти за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци од Ј.П. Водовод и канализација-Штип.

6.3.3. Електро-енергетика и ПТТ инсталации

На делот од планскиот опфат кој треба да се реализира , квалитетот на постојната електро-енергетска и телефонска инсталација не ги задоволува критериумите за урбана градска средина.

Електричната мрежа и потребата од едновремена електрична снага за новопредвидените објекти се димензионира према следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

За дефинирање на инсталираната снага на еден просечен објект кој се затоплува со електрична енергија, земени се во предвид следните показатели:

-за објекти за спорт и рекреација-Д3 - 0.014kW/м^2,

Земајќи ги во обзир овие показатели може да се претпостави дека инсталираната снага на планираната површина за градба ќе изнесува:

Ped = 0.014 x 13744м2

Ped =192,42 kW

Предвидените објекти со електрична енергија ќе се напојуваат преку подземен кабловски вод кој поминува низ самиот локалитет.

Парцелата на трафостаницата е во самиот плански опфат, во рамки на сопствена градежна парцела. Кабловското напојување со среднонапонска и нисконапонска ел. мрежа ќе се определи и ќе се развива во понатамошниот тек на разработка на техничката документација, односно со изработка на Основни проекти за електрична мрежа од страна на стручните служби на ЕВН- Штип.

Нисконапонско приклучување на предвидените објектот ќе биде кабловско.

Податоци потребни за дефинирање на телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектите кои егзистираат на подрачјето за кое се предвидува изградбата на објекти за домување и објекти за мали комерцијални и деловни намени, затоа при димензионирањето на телефонската мрежа се поаѓа од принципот на секој објект да му припаѓа мин. еден телефонски приклучок.

Поврзувањето на телефонски потрошувачи ќе се изврши во согласност со АД Македонски телекомуникации - Штип.

6.3.4. Хидротехничка инфраструктура
Водоснабдување

Од анализата на постојната состојба констатирано е дека во предметниот опфат постои водоводна мрежа.

Со урбанизацијата на овој простор и намената на површините на зафатот опфатен со **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** се предвидува изградба наобјекти од Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, и Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА - трафостаница.

Водоснабдувањето на новопредвидените објекти се предвидува со приклучување на постојната водоводна мрежа вода, со изградба на примарна и секундарна водоводна мрежа. Водоснабдителната норма треба да изнесува 500 л/ден/жит.

Потребна количина на вода

Оваа потребна количина на вода до водокорисниците ќе се дистрибуира од постојниот водоводен вод со профил од АЦФ100мм, преку новопланирана водоводна мрежа .

Количество на вода за противпожарна заштита

Према важечките технички прописи за заштита на населението и објектите од пожар, предвидено е да во случај на пожар се јави истовремено еден пожар со количество на вода од 10 л/сек., што важи за населени места до 5 000 жители, без оглед на отпорноста на објектите према пожар:

$$Q_{poz}=q_{poz} \times n_1 \times \frac{t}{24}$$

qpoz= 10l/sek

n1-број на пожари кои можат да се јават истовремено

t- времетраење на пожар

Фекална канализација

По однос на канализација планиран е сепаратен систем на канализација т.е. посебна канализациона мрежа за атмосферски води како и посебна канализациона мрежа за фекална канализација.

При проекција, одделните канализациони системи усвоени се од надморската висина на локалитетот, од положбата во однос на реципиентот и од експозицијата на теренот.

Концепциското решение е условено со податоците добиени од Ј.П. Водовод и канализација-Штип.

Со проекцијата на хидротехничката инфраструктура се предвидува генерално решавање на фекалната канализација, која ќе се состои од новопредвидени канали.

Количината на отпадните води ќе се пресметува како 80% од употребената вода зголемена за 20% од инфилтрација на подземни води.

Канализационата мрежа ќе се состои од армирано-бетонски канализциони цевки со Ф »250-300 и армирано-бетонски ревизиони шахти.

Падовите на новопредвидената фекална канализација се движат од 2%-3%, кои детално ќе се дефинираат со изработка на главни проекти.

Димензиите на хидрауличка пресметка со точно познати количини на отпадни води ќе се дадат во наредните Основни проекти. Со добивање на потребните параметри за димензионирање на дренажната мрежа, истото ќе се изврши и ќе се добијат димензиите и наклоните на цевките.

Канализационата мрежа се состои од армирано-бетонски канализациони цевки и ревизиони шахти. За минимален пречник е усвоен Ф 250.Истата се предвидува да се приклучи на планираната пречистителна станица.

Атмосферска канализација

Проекцијата на атмосферската канализација, предвидува сепаратен канализационен систем за одвод на атмосферски отпадни води, кој ќе се состои од посебни канали.

Атмосферската канализација ќе ги евакуира отпадните атмосферски води од кровните површини на објектите, од површините на улиците, зелените површини.

Количината на отпадните атмосферски води ќе се одреди со емпириски формули, а во зависност од сливната површина, интензитетот на дождот и истечниот коефициент.

$Q_{atm} = F \cdot q_i \cdot \Psi(l/\sec)$ = 203.72 л/сек

F – вкупна сливна површина- 4.63 (ха)

q_i – специфичен истек (110)

Ψ - просечен коефициент на истекување (0.4)

$Q_{atm(Vk)}$ = 4.63 .110 . 0.4 = 203,72 л/сек

$Q_{atm/xa}$ = 110 . 0.4 = 44 л/сек/Ха

За минимален пречник е усвоен ф300

7. Економско образложение

Обемот, динамиката на финансирање и реализација на планските решенија во **Измена и дополна на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** која е предмет на изработка, ги опфаќа сите трошкови за планирање, проектирање, подготвување (уредување) на земјиштето изградбата на објектите, надворешните инсталации и сообраќајните површини.

Секако дека има и други трошоци освен наброените, што влијаат на висината на вкупните средства потребни за реализација на еден ваков документ.

Секакво определување на трошоците за реализација на овој опфат наречени "економско образложение" е соочено и оптоварено со низа ограничувања и истите реално ќе произлезат од вредностите пресметани со Основни проекти , а се изложени и од чести промени на цените на пазарот, неможноста да се утврдат одделни ставки на трошоци, непредвидливост на одделни трошоци, обемот на уредување на градежното земјиште, постојаниот расчекор помеѓу потребите и можностите, недостаток на егзактни елементи за докажување на одредни претпоставки и слично.

Ова посебно важи за ваков плански опфат за кој се изработува **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** при што сите вложувања во новопланираната инфраструктура, паѓаат на товар на сопствениците на градежните парцели.

Економското образложение за оправданоста на планскиот концепт произлегува од местополжбата на опфатот и планските решенија кои ги нуди предметниов план.

Планот предвидува нови површини за градба во предметниот плански опфат. Со тоа се зголемува искористеноста на просторот, се добива поискористена нето густина по жител и повеќе комуналии за општината.

8. УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

8.1. ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите од **Измена и дополна на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.** Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чии граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1:1000.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Овие Општи услови за изградба се составен дел на изработената **Измена и дополна на Деталниот Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**. Планската документација е работена во согласност со Законот за Просторно и урбанистичко планирање **(Службен весник на РМ број 24/08, 91/09, 124/10, 18/11,53/11 и 60/11)**, како и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11)** и Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл.весник на Р.М." бр. 78/06).

Со овој план се уредува намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на предвидените објекти.

Во планот е застапена основна класа на намена Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА, Д2-ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО, Д1-ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО и Е2- КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА-трафостаница, и како компатибилна класа на намена- Б5-Хотелски комплекси, во согласност со чл. 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11)**.

Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат е:

- **Д-ЗЕЛЕНИЛО -**

  Д1-ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО,
  Д2- ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО и
  Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- **Е- ИНФРАСТРУКТУРА -**
  Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница)

- **Б5- ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ** како компатибилна класа на намена на ниво на плански опфат.

1.2 Составен дел на овие Услови за изградба се Документационата основа и Планската документација за предметната **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** со свој текстуален и графички дел во размер Р=1:1000.

Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документациона основа: **Изводот од ГУП на град Штип за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип како и Извод од ДУП за СРЦ "Брегалница"**, Ажурирана геодетска подлога, Бесправно изградени градби, Инвентаризација на изграден градежен фонд и Инвентаризација на комунална инфраструктура и планска документација: План на намена на земјиштето и градбите, Регулационен план и План на површини за градење, Сообраќаен и Нивелациски план, Инфраструктурен план и Синтезен план.

1.3 Границата на планскиот опфат на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** претставува опфатот кој се движи на северната страна по осовината на собирната улица "Гоце Делчев", на североисточната страна граничи со осовината на мостот на река Брегалница на источната страна оди по осовината на реката Брегалница, а на југозападната страна оди по осовината на магистралната улица "Гоце Делчев".

Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со планската документација, а статусот го добива со самото усвојување на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

1.4 Градежното земјиште е земјиште чија што намена и начин на користење се утврдува со планската документација, а статусот го добива со самото усвојување на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.** Градежното земјиште во примарна поделба се дели на парцелизирано градежно земјиште за поединечно градење и употреба и непарцелизирано за општа употреба во согласност со чл. 11 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.5 Регулаторните линии се плански одредби во графичкиот дел на урбанистичкиот план кои го разграничуваат градежното земјиште од аспект на носителите на правото за градење. Регулаторните линии се регулациона линија и граница на градежната парцела кои се дефинирани во планот во согласност со чл.14 и15 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.6 Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и е дефинирана во согласност со член 19 и член 20 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Формираната градежна парцела се поклопува со просторот кој го завзема и го користи сопственикот на катастарската парцела со незначително намалување на катастарската парцела заради оформување на сообраќајница.

1.7 Намената на земјиштето и намената на површините за градба се базираат на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

Поконкретно објаснување на системот на класи на намени е дадена во чл. 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.8 Посебно се препорачува водење сметка за компатибилни класи на намена што е во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.9 Градежна линија е планска одредба која претставува граница на површината за градење во градежната парцела и ја дефинира просторната граница до која градбата може да се гради и се дефинира во согласност со чл.36, чл.37, чл.38 и чл.38 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Конкретните градежни линии се дадени во графичкиот дел од Регулационен план и површини за градба . Тоа се максимални можни граници во рамките на кои објектот може да се гради.

1.10 Површина за градење е планска одредба со која во урбанистички план се утврдува делот од градежната парцела која се предвидува за градење на градбите - чл.39 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

При одредување на површина за градба потребно е да се запазат: висини, растојанија, и процент на изграденост на парцелата, коефициентот на искористеност на земјиштето (однос меѓу бруто развиена површина на сите нивоа на објектот и површината на парцелата).

1.11 Диспозицијата на површината за градење од градежната парцела и нејзиното растојание од границите на градежната парцела зависат од типот на градење и намената на градежната парцела што е дефинирано во член 42 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.12 Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија. Сите подетални елементи на планирање се дефинирани во членовите: 43, 44, 45, 46, 47, 48, 49 и 50 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Дадена е максимална висина до венец и истата е изразена во метри.

Висината на објектите се определува од нивото на тротоарот односно од котата на приземје до завршен венец на градбата во должни метри од страната која гледа кон лицето на парцелата.

Максималната висина на градбата дефинирана со овој план е планирана за секоја градежна парцела. Правото да се гради до дозволената максимална висина е исполнето со другите урбанистички услови дадени со овој план, а пред се: обезбеден потребен број на паркинг места, потребното растојание до границата на соседната парцела и др.

Доколку со проектната документација не се докаже дека се исполнети условите за постигање на максималната висина на градбата дефинирана со овој план, управниот орган надлежен за работите на урбанизмот ја одредува дозволената висина, изразена во должни метри, а според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.13 Процентот на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно, колкав дел од градежното земјиште е зафатено со градба.

Процент на изграденост на парцелите е зависен од постојната состојба и е даден во табели за секоја парцела поодделно на ниво на целиот плански опфат. Истиот е дефиниран во граници на дозволените вредности во членовите: 51 до 54 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

1.14 Кровови

Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Висина на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4.5 метри над завршниот венец на кровната конструкција. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со само една спратна височина.

1.15 Огради

Максималната висина на полните ѕидани огради на локацијата е максимум 0,8 м, а останатиот дел е транспарентен до висина 1,6 м.

1.16 Зеленило

Зеленилото е составен дел на локацијата. Тоа се јавува како ниска зелено тревната површина.

1.17 Бариери

Во третманот на пешачките патеки и површини сите денивелации потребно е да се решаваат со скали и рампи.

Сите денивелации кај влезовите, на самите влезни партии и комуникациите и рампите на објектите, во целост треба да се изведат во рамките на градежната парцела.

1.18 Паркинзи

Потребите за паркирање се планирани во склоп на Катната гаража , со почитување на потребен број паркинг места како услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба а во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Представено е сообраќајно решение кое е дел од оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.**

1.19 При примена и реализација на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,** за се што не е дефинирано со овие услови за градење ќе се применуваат стандарди и нормативи утврдени во Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**) и Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Сл.весник на Р.М." бр.78/2006 год.).

8.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Посебните услови за изградба се однесуваат на планскиот опфат за кој се изработува **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**, со дефинираните граници на локалитетот за разработената градежна парцела, дадени во графичките прилози.

Планскиот опфат е севкупен простор кој е предмет на изработка на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип** и истиот е со површина од **4.79 ха.**

Класи на намени: Во планскиот опфат предвидена се градежни парцели со класа на намена:

- **Д-ЗЕЛЕНИЛО -**

  Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

- **Е- ИНФРАСТРУКТУРА -**

  Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница)

- **Б-КОМЕРЦИЈАЛНИ И ДЕЛОВНИ НАМЕНИ -**

  Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ- како компатибилна класа на намена на ниво на плански опфат.

Градежни парцели - Градежните парцели се во рамките на постојните катастарски парцели како и дооформување на градежните парцели.

Површина за градба: За сите градежни парцели се планира максимална површина за градба, која согласно член 51 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање **(Службен весник на РМ број 24/08, 91/09, 124/10, 18/11,53/11 и 60/11)**, ќе се разработи со Архитектонско урбанистички проект.

Површина за градба: е дел од градежната парцела **ограничен со градежни линии.**

Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се уредуваат во секој урбанистички план во согласност со овој Правилник.

Кога градежната линија се совпаѓа со границата на градежната парцела со соседот не се дозволени пречекорувања на градежната линија со ниту еден вид архитектонски издатини.

Кога градежната линија не се совпаѓа со границата на градежната парцела не се дозволени пречекорувања на градежната линија на било која висина од вертикалната рамнина чиј што пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела.

Доколку градежната линија се совпаѓа со регулационата линија, дозволени пречекорувања се:

- првиот скалник од влезните партии до 30 см ако ширината на тротоарот е поголема од 2,25 см,
- првостепена пластика во која спаѓаат: ризалити, влезни партии, конструктивни столбови, вертикални комуникации и други издадени делови на архитектонската основа до 30 см ако широчината на тротоарот е поголема од 2,25 м,
- второстепена пластика во која спаѓаат: еркери, балкони, конзоли, стреи, брисолеи и др. кои се појавуваат помеѓу првиот спрат и горниот венец до 90 см длабочина за уличен коридор широк до 12 м и до 7,5% од широчината на коридорот, но не повеќе од 1,50 м длабочина. Елементите на второстепената архитектонска пластика не се појавуваат на фасадата на градбата најмалку 3,60 м над котата на тротоарот,

- третостепена пластика во која спаѓат: пиластри, корнизи, подпрозорници, венци и друга плитка архитектонска пластика до 30 см.

Максимална височина на нултата плоча во приземјето е 1,20 м. во однос на кота на заштитен тротоар.

Отвори: Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела е нула, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата на границата на градежната парцела. Кога растојанието е од 1,20 до 3,0 м дозволени се само помошни отвори со парапет од најмалку 1,60 метри, а на растојанија поголеми од 3,0 метри се дозволени регуларни отвори на таа страна од градбата.

Кровови: Висина на кровот се дефинира како висина на слеме. Максималната височина на слемето изнесува 4.5 метри над завршниот венец на кровната конструкција. Во рамките на оваа висина може да се уреди подпокривен корисен простор со само една спратна височина. Косите покриви имаат агол на косина од најмногу 35^0 кој се пресметува од завршниот венец на градбата.

Зеленило:Зеленило се предвидува во склоп на самата градежна парцела.
Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела треба да изнесува мин.10% - 15%.

Паркирање: Паркирање-гаражирање за целиот опфат е предвидено во склоп на катната гаража која е со капацитет од 400 паркинг места, согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).
За планираната катна гаража, подолжниот наклон,, широчината и радиусот на рампата ќе бидат решени согласно член 60 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**).

Мерки за заштита на културно наследство

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите од чл. 65 од Законот за заштита на културното наследство ("Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07 и 18/11) .

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА на ДУП за СРЦ "БРЕГАЛНИЦА" - ОПШТИНА ШТИП - П=4.79Ха										
нумерација на блок	нумерација на градежна парцела	класа на намена	компатибилна класа на намена	максимална висина	катност	површина на градежна парцела (м2)	максимална површина за градба (м2)	максимална бруто развиена површина (м2)	процент на изграденост %	потребен број паркинг места
01	02	03	04	05	06	07	08	9	10	11
СРЦ "БРЕГАЛНИЦА"	1.1	Д3 (С. и Р.)	(А4,Б1,Б3)-32.31%	10.00 м	П+2	14970м2	12578м2	10062 м2	67.22%	
	1.2	Е2(К.Г.)	-	16.00 м	-	2312м2	1516м2	-	65.57%	
	1.3	Б5(Хот.)	- 7.69%	16.00 м	П+4	3680м2	2283м2	11415 м2	62.04%	
	1.4	Е2(Трафо.)	-	4.00 м	П	116м2	40м2	40 м2	34.48%	
	ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО					1971м2				
	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО					2999м2				
	РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК					5003м2				
	СООБРАЌАЈ					16813м2				
	БЕСПРАВНА ГРАДБА					0м2				
	ВКУПНО					47864м2	16417м2	21517м2	34.30%	
Согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање										
("Сл.Весник на РМ" бр.142/10 , 64/11 , 98/11 и 169/11)										

Во градежната парцела 1.1 (Д3) - (спорт и рекреација)-отворени и затворени спортски терени , која е со вкупна површина од **14970 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **12578 м²**, максимална бруто развиена површина од **10062м²**, и процент на изграденост од **67.22%.** Предвидените компатибилни класи на намена се: Б1-мали комерцијални и деловни намени, Б2-големи трговски единици и Б3-големи угостителски единици со максимална застапеност од 25% и

Планирана е максимална висина до кровен венец од **10.00 м** и планирана висина по катови **од П+2**.

Планираната површина за градба ќе се разработува со Архитектонско урбанистички проект и ќе преставува услов за понатамошна постапка.

Потребниот број на паркинг места, ќе се обезбеди во склоп на катната гаража. Паркинг местата се утврдени согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**). Согласно цитираниот правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање за планираната класа на намена Спорт и рекреација-Д3, се предвидува 1паркинг место на 10 посетители.

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната сервисна улица "1".

Во градежната парцела 1.2 (Е2) - (комунална супраструктура)-Катна гаража , која е со вкупна површина од **2312 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **1516м²**, максимална бруто развиена површина од **12128м2** со вкупно осум нивоа од кои два испод кота на терен и шест над кота на терен кои обезбедуваат Вкупно **400 паркинг места**-по 50 паркинг места на едно ниво. Процентот на изграденост изнесува **65.57%.**

Планирана е максимална висина до кровен венец од **16.00 м.**

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната сервисна улица "1".

Во градежната парцела 1.3 (Б5) - (Хотелски комплекси) , која е со вкупна површина од **3680 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **2283м²**, максимална бруто развиена површина од **11415 м²**, и процент на изграденост од **62.04%.**

Планирана е максимална висина до кровен венец од **16.00 м** и планирана висина по катови **од П+4 ката**.

Потребниот број на паркинг места, ќе се обезбеди во склоп на катната гаража.Паркинг местата се утврдени согласно член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (**"Сл.весник на Р.М." бр. 142/10, 64/11, 98/11и 169/11**)..

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната станбена улица "1".

Во градежната парцела 1.4 (Е2) - (комунална супраструктура)-трафостаница ,која е со вкупна површина од **116 м²**, предвидена е максимална површина за градба од **40 м²**, максимална бруто развиена површина од **40 м²**, и процент на изграденост од **34.48%.**

Планирана е максимална висина до кровен венец од **4.00 м.** и планирана висина по катови **од П**.

Потребниот пристап до локација е обезбеден од новопланираната станбена улица "1".

9. НУМЕРИЧКИ ДЕЛ

9.1. Нумерички показатели

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за градежните парцели, поодделно за целиот плански опфат со: број на градежна парцела, број на објект, класа на намена, компатибилна класа на намена, максимална висина, катност, површина на градежна парцела, максимална површина за градба, максимална бруто развиена површина, и процент на изграденост,потребен број на паркинг места.

ИЗМЕНА И ДОПОЛНА на ДУП за СРЦ "БРЕГАЛНИЦА" - ОПШТИНА ШТИП - П=4.79Ха										
нумерација на блок	нумерација на градежна парцела	класа на намена	компатибилна класа на намена	максимална висина	катност	површина на градежна парцела (м2)	максимална површина за градба (м2)	максимална бруто развиена површина (м2)	процент на изграденост %	потребен број паркинг места
01	02	03	04	05	06	07	08	9	10	11
СРЦ "БРЕГАЛНИЦА"	1.1	Д3 (С. и Р.)	(А4,Б1,Б3)-32.31%	10.00 м	П+2	14970м2	12578м2	30187 м2	67.22%	
	1.2	Е2(К.Г.)	-	16.00 м	-	2312м2	1516м2	-	65.57%	
	1.3	Б5(Хот.)	- 7.69%	16.00 м	П+4	3680м2	2283м2	11415 м2	62.04%	
	1.4	Е2(Трафо.)	-	4.00 м	П	116м2	40м2	40 м2	34.48%	
	ПАРКОВСКО ЗЕЛЕНИЛО					1971м2				
	ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО					2999м2				
	РЕГУЛИРАН ВОДОТЕК					5003м2				
	СООБРАЌАЈ					16813м2				
	БЕСПРАВНА ГРАДБА					0м2				
	ВКУПНО					47864м2	16417м2	41642м2	34.30%	
Согласно чл.61 од Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање ("Сл.Весник на РМ" бр.142/10 , 64/11 , 98/11 и 169/11)										

9.2. Билансни показатели-постојна состојба

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за постојната состојба на планскиот опфат со површини за земјиштето и градбите.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Постојна состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
Спорт и рекреација-Д3	22219	46.42%
Б1-Мали комерцијални и деловни објекти	425	0.89%
Неизградено земјиште-Н3	13857	28.95%
Речно корито	6196	12.95%
Сообраќајници	5167	10.80%
Бесправна градба	0	0.00%
ВКУПНО	47864	100.00%

9.3. Билансни показатели - планирана состојба

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за секоја класа на намени поодделно за целиот плански опфат со: класа на намена, површина на класа на намена и учество на секоја класа на намени во вкупниот опфат во и проценти.

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Планирана состојба		
КЛАСА НА НАМЕНА	Површина м2	Процент %
Спорт и рекреација-Д3	14970	31.28%
Е2-Комунална супраструктура-ТС	116	0.24%
Е2-Комунална супраструктура-КГ	2312	4.83%
Сообраќајници	16813	35.13%
Хотели - Б5	3680	7.69%
Регулиран водотек	5003	10.45%
Парковско зеленило-Д1	1971	4.12%
Заштитно зеленило-Д2	2999	6.27%
Бесправна градба	0	0.00%
ВКУПНО	47864	100.00%

9.4. Споредбени Билансни показатели

Вкупна површина на планскиот опфат изнесува **4.79 ха.**

Во табеларниот прилог се дадени сите урбанистички параметри, за постојната и планираната состојба на планскиот опфат со површини за земјиштето и градбите како и сите урбанистички параметри, за секоја класа на намени поодделно за целиот плански опфат со: класа на намена, површина на класа на намена и учество на секоја класа на намени во вкупниот опфат во и процент.

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**		**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**	
1	Плански опфат	47864	100.00%	47864	100.00%
2	Б1-Мали комерцијални и деловни објекти	425	0.89%	0	0.00%
3	Спорт и рекреација-Д3	22219	46.42%	14970	31.28%
4	Неизградено земјиште-Н3	13857	28.95%	0	0.00%
5	Сообраќајни површини	5167	10.80%	16813	35.13%
6	Речно корито	6196	12.95%	0	0.00%
7	Хотели - Б5	0	0.00%	3680	7.69%
8	Е2-Комунална супраструктура-ТС	0	0.00%	116	0.24%
9	Е2-Комунална супраструктура-КГ	0	0.00%	2312	4.83%
10	Регулиран водотек	0	0.00%	5003	10.45%
11	Парковско зеленило-Д1	0	0.00%	1971	4.12%
12	Заштитно зеленило-Д2	0	0.00%	2999	6.27%
13	Бесправна градба	0	0.00%	0	0.00%
14	Површина на земјиште под градба	2004		16417	
15	Градежна површина по етажи	2004		41642	
16	Процент на изграденост на ниво на плански опфат	4.19%		34.30%	

10. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

10.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Врз основа на член 53 точка 1 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) за оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип** , се предвидуваат мерки за заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи во мир и во војна и од воени дејства во Република Македонија.

Врз основа на член 54 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11), при уредувањето на просторот задолжително се обезбедуваат:
1) Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2) Изградба на објекти за заштита и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

-евакуација
-засолнување
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-спасување од урнатини
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
-асанација на теренот
- други мерки за заштита и спасување што би се појавиле при и по природните непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи , а не се предвидени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11).

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

- **Засолнување**

Република Македонија има обврска за изградба на јавни… засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

• Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

• Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.
Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекги во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата
-дозиметриска контрола
-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
-лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

• Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки: -објектите се со кота на венец до 10,20 м;
-при рушење објектот ја зафаќа Н/2 од површината околу себе, односно рушевините се во склоп на парцелата;
-сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ке има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 8 и 9 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно- правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекги.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

• Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекги и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

• Заштита и спасување од пожари

На површината на предметниот плански опфат на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип** , предвидени **се намени**:

Просторот што го опфаќа планот е на површина од **4.79 ха.** и е предвиден за изградба на **ОБЈЕКТИ** за :

Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница)
Б5-ХОТЕЛСКИ КОМПЛЕКСИ

Објектите се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,5 м со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, која за овој плански опфат кој спаѓа во реонот на Против Пожарен Центар **во општина Штип .**

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11). Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник 0 80 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од 080 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 0 80 мм. Хидрантите да се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) член 70, инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти,

освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важеките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

• Заштита од неексплодирани убојни и експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11) член 80, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

• Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

• Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

• Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

• Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

При примена на планските решенија на оваа **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип**, за што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандардите и нормативите утврдени со Законот за заштита и спасување (Сл.весник на Р.М. бр.36/04, 49/04, 86/08,124/10 и 18/11), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи (Сл.весник на Р.М. бр. 117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето (Сл.весник на Р.М. бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини (Сл.весник на Р.М. бр.98/05).

10.2. Мерки за заштита на животната средина

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип** , е следна:

- Закон за животна средина (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11);
- Закон за заштита на природата(Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Сл.в. на РМ, бр.67/04 , бр.92/07, 35/10 и 47/11);
- Закон за управување со отпадот (Сл.в. на РМ, бр.68/04 и бр.107/07);
- Закон за спречување на штетна бучава (Сл.в. на РМ, бр.79/07);
- Закон за заштита и спасување ("Сл.в.на РМ" бр.36/04, бр.49/04 , бр.86/08, 124/10 и 18/11);
- Закон за води (Сл.в. на РМ, бр.87/08, 6/09, 83/10 и 51/11);
- Уредба за класификација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Уредба за категоризација на водите (Сл.в. на РМ, бр.18/99);
- Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.в. на РМ, бр. 142/10) и други законски и подзаконски акти.

Просторот што го опфаќа планот е на површина од **4.79 ха.** и е предвиден за изградба на **ОБЈЕКТИ** за

Д3- СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА
Е2-КОМУНАЛНА СУПРАСТРУКТУРА (трафостаница)

и се наоѓа во СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и загадување предизвикано од начинот на загревање на објектите. Имајќи ја оваа состојба во предвид, може да се изврши поделба на три основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:
- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита

Со законот за заштита на животната средина ("Сл.весник на Р.М." бр. 53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,47/10,124/10 и 51/11) се уредени правата и должностите на Република Македонија, на Општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, како и првата и должностите на правните и на физичките лица, во обезбедувањето на

услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

Со цел да се воспостави системот за заштита на животната средина при процесот на изготвување на Локалната Урбанистичка планска документација, потребно е да се има во предвид следното:

- Согласно Законот за животна средина(Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11) и Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) правните или физичките лица кои вршат дејности или активности кои не спаѓаат во проектите за кои се спроведува постапка за оцена на влијанието врз животната средина се должни да изготват **Елаборат за заштита на животната средина** со цел да се оцени влијанието на дејностите или активностите врз животната средина, пред да започнат со спроведувањето на проектот и истиот да го достават до органот надлежен за одобрување на спроведување на проектот;
- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води;
- Задолжителна имплементација на уреди за **редукција или целосна елиминација на емисиите во атмосферата**, со цел да се зачува квалитетот на амбиентниот воздух;
- Предвидување на соодветни технички зафати за **пречистување на отпадните води** и имплементација на технологии кои ќе овозможат нивно повторно искористување за истата или друга цел;
- Задолжително **испитување на пречистените отпадни води** пред испуштање во најблискиот реципиент, со цел да се усогласат вредностите на концентрацијата на материите присутни во пречистената отпадна вода со граничните вредности на максимално дозволените концентрации на материите присутни во реципиентот, согласно Уредбата за класификација на водите и Уредбата за категоризација на водите;
- Согласно член 7 од Законот за управување со отпад (`Сл.весник на Р.М.` бр.68/04 и бр.107/07), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При **управување со отпадот** по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или да се користи како извор на енергија;
- После соодветниот третман се препорачува задолжително **депонирање на отпадните материи** во локалната депонија;
- Да се планира изведба на **современа инфраструктура** и имплементација на **современи чисти технологии** во идните индустриски капацитети;
- Да се обезбеди заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

Концептот за заштита на животната средина базира на општите и посебни цели и насоки за заштита на посебните природни вредности, мешу кои амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот. Токму затоа, при планирање на Локалната Урбанистичка планска документација, потребно е да се посвети посебно внимание на:

- заштитата, унапредувањето и адекватното користење на природните предели, амбиентите и пејзажите во предвидениот простор;
- обезбедување на заштитен појас со високо зеленило во поглед на комплексната заштита на просторот, посебно покрај сообраќајниците, и богато хортикултурно уредување на комплексот;
- при изработката на Урбанистичкиот план да се имплементираат плански мерки за заштита на биодиверзитетот.

Потребно е да се потенцира дека создавачот или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

10.3. Мерки за заштита на природно наследство

Од областа на заштита на природата (**природното наследство и биолошката и пределската разновидност**), урбанистичките планови и проекти треба да се усогласат со Просторниот план на Републиката на тој начин што, врз основа на режимот за заштита, ќе се организира распоред на активности и изградба на објекти кои ќе се усогласат со барањата кои ги поставува одржливото користење на природата и современиот третман на заштитата.

Посебно внимание при заштитата на природата, треба да се обрне на начинот, видот и обемот на изградбата што се предвидува во заштитените простори за да се одбегнат или да се надминат судирите и колизиите со инкомпатабилните функции. За таа цел е неопходно почитување на следните принципи:

- оптимална заштита на просторите со исклучителна вредност;
- оптимална заштита на производните природни потенцијали и унапредување на природните блага;
- зачувување на доминантните карактристики на постојната состојба;
- рационална изградба на инфраструктурата;
- концентрација и ограничување на изградбата;
- оптимална изградба на рекреативната инфраструктура;
- правилен избор на соодветна локација.

Според Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) **и Законот за животна средина** (Сл.в. на РМ, бр.53/05, бр.81/05, бр. 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10 и 51/11), потребно е внесување на мерки за заштита на природата при планирањето и уредувањето на просторот кои треба строго да се почитуваат.

Доколку при изработка на **Измена и дополна на Детален Урбанистички план за СРЦ "Брегалница", КО Штип, Општина Штип,,** или при уредувањето на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кои можат да бидат загрозени со урбанизација на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти прогласени и предложени за прогласување како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или просторениот план за подрачје со специјална намена;
- Во подрачјата и зоните со строга заштита дозволени се само научно-истражувачки активности;
- Во просторите со карактер на природно наследство дозволено е користење на растителни и животински видови само во санитарно-здравствени цели;
- На подрачјата кои се предложени за заштита како природно наследство, изградбата и уредувањето до прогласувањето на истите мора да се врши согласно претходно направената валоризација на природните вредности и влијанијата врз животната средина;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природно вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето.

Почитување на начелата за заштита на природата е согласно Законот за заштита на природата (Сл.в. на РМ, бр.67/04, бр.14/06 , бр.84/07, 35/10 и 47/11) .

10.4. Културно-историско наследство

Во своето милениумско постоење, човековата цивилизација од праисторијата до денес, на територија на Р. Македонија, оставила значајни траги од вонредни културни, историски и уметнички вредности, кои го потврдуваат постоењето, континуитетот и идентитетот на македонскиот народ на овие простори.

Просторниот аспект на недвижното културно наследство е предмет на анализа во корелација со долгорочната стратегија за економски, општествен и просторен развој, односно стратегијата за зачувување и заштита на тоа наследство во услови на пазарно стопанство.

Согласно Законот за заштита културното наследство(Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07 и 18/11), видови на недвижно културно наследство се: споменици, споменички целини и културни предели.

При изработка на планска документација од пониско ниво, да се утврди точната позиција на утврдениот **локалитет со културно наследство** и во таа смисла да се применат плански мерки за заштита на недвижно културно наследство:

- задолжителен третман на недвижното културно наследство во процесот на изработката на просторните и на урбанистичките планови од пониско ниво заради обезбедување на плански услови за нивната заштита, остварување на нивната културна функција, просторна интеграција и активно користење на спомениците на културата за соодветна намена, во туристичкото стопанство, во малото стопанство и услугите и во вкупниот развој на државата;
- планирање на реконструкција, ревитализација и конзервација на најзначајните споменички целини и објекти и организација и уредување на контактниот, околниот споменичен простор заради зачувување на нивната културно-историска димензија и соодветна презентација;
- измена и дополнување на просторните и урбанистичките планови заради усогласување од аспект на заштита на недвижното културно наследство.

Согласно Закон за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на Р.М." бр. 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 60/11), во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат: плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Вградувањето соответен режим за заштита на недвижното културно наследство во просторен и урбанистички план се врши според заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Согласно чл. 71 од Законот за заштита на културно наследство).

Недвижното културно наследство, без оглед дали е во прашање градителска целина или поединечен објект, како заедничко културно богатство на светот, во просторните и урбанистичките планови треба да се третира на начин кој ќе обезбеди негово успешно вклопување во просторното и организационото ткиво на градовите и населените места или пошироките подрачја и потенцирање на неговите градежни, обликовни и естетски вредности.

6.ИЗВОД ОД ДУП дел од “Пребег”

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5568/2 од 13.09.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 471

ДУП: **дел од "Пребег"**

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0201-1864/1од 12.06.1980год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план во идентична форма .
2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување .

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


ДЕЦКО ИГРАЛИШТЕ
СПОРТСКИ ТЕРЕНИ
ВП
ВП
ВП
П+1
граница на опфат

ОДРЕДБИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УРБАНИСТИЧКИОТ ПЛАН

"П Р Е Б Е Г "

1. Со локацијата на објектот покрај проектот за објектот да се бара и проект за уредување.

2.Пред да се реализира населбата потребно е да се изврши геолошки испитување на теренот.

3. При При разработката на архитектонскиот проект да не се предвидуваат поголеми ископи околу објектот.

4. При изградбата на локацијата за колективни стамбени згради и изработката на дворните уредувања да се обезбеди по едно паркинг место или гараже за секоја стамбена единица.

5. Крововите на сите објекти да бидат коси со пад на кровните површини на поголем од 1:3.

6. Стреите на крововите да изнесуваат мин. 80 см.

7. Објектите да се проектираат за трусно подрачје од IX степени по МСЗ скалата.

8 . Коефициентот на изграденоста на парцелата да изнесува од 0,22 до 0,33.

9. Минималните растојанија од габаритот на објектот до границата да изнесува мин. 3,0 м.

10. Сите објекти да содржат подрумски помошни простории.

11. Секоја индивидуална стамбена зграда треба да има мин. 1 гараža во подрум.

12. Дворните места да се оградуваат со зелени "живи" огради.

13. За приклучок на комуналните инфраструктури инвеститорот е должен да се обрати до соодветните комунални организации.

7. ИЗВОД ОД ДУП: С.Р.Ц „Брегалница“

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ШТИП

Број: 18-5571/2 од 14.09.2023 год.

Сектор за урбанизам и уредување на градежно земјиште,

комунални работи и заштита на животна средина

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:472

ДУП: **С.Р.Ц „Брегалница“**

УП за село:_____

УП вон нас.место:_____

Одлука бр: 0701-2153/1 од 22.12.2004 год.

08-3187/1 од 13.06.2019 год.

Намена за градба:

Улица:

КО: Штип-5 **КП:**

ДЛ: **М= 1:** 1000

ИЗВОД ЗА УП.

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**
   - Заверена копија од синтезен план
   - Легенда
   - Табела со нумерички показатели

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**
   - Заверена копија од: општи и посебни услови за градење, параметри за споредување на планот, мерка за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикипирани лица и сл.

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

Изготвил: Соња Ѓеоргиевска

По овластување од Градоначалник

Раководител на сектор

Лазар Хаџи-Николов


Р.Л.
Г.Л.
Нмах 7.5 м
15
36
9
АО
С
Нмах 3.0 м
10
7.5
24
ГК
ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ
ТП
40
4
8
5
12
СТ
река БРЕГАЛНИЦА
4
622
700
599
100
200
600
граница на опфат

ЛЕГЕНДА

- ГРАНИЦА НА ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА УРБАН МОДУЛ
- 1 ОЗНАКА НА МОДУЛ
- (1) НУМЕРАЦИЈА НА ОБЈЕКТИ
- РЕГУЛАЦИОНА ЛИНИЈА
- ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА
- ЛИНИЈА НА ПАРЦЕЛА
- ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ

- АО — АДМИНСТРАЦИЈА ЗА СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ
- С — СОБЛЕКУВАЛНИ
- АС — МЕЃУГРАДСКА АВТОБУСКА СТАНИЦА
- ГАС — ГРАДСКА-ЛОКАЛНА АВТОБУСКА СТАНИЦА
- УД — УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ
- УО — УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТ
- ЗЗ — ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО
- СР — СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

ПРОФИЛИ НА УЛИЦИ



ПРОФИЛ НА УЛ. "ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"



ПРОФИЛИ НА НОВОПРОЕКТИРАНИ УЛИЦИ ВНАТРЕ ВО КОМПЛЕКСОТ НА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

- КОЛОВОЗ
- ТРОТОАР, ПЕШАЧКА ПАТЕКА

СРЕД „БРЕГАЛНИЦА"
СТАДИОН

бр. на пар	намена	мах. висина	површ. на парцела (м2)	п (м2) градба	нето п(м2) развиена	проц. на изграденост %	коеф на искористеност	паркирање во парц површин.	паркирање надвор од парц површ	паркирање подземно во парц
			МОДУЛ 1							
1	**градски стадион**	**Нмах=16м**	**31 470**	**25305**	**28305**	**80**	**0,9**	**35**	**520**	**95**
2	меѓуградска авт. стан	Нмах=Нпос	5 700	1 815	1 815	32	0.3	/	36	/
3	градска авт. стан	нема објект настрешница	2 042	/	/	/	/		/	/
4	УД -трговија		1 220	287	574	24	0.5	11	/	/
5	УД -сервис за возила		707	209	418	30	0.6	8	/	/
6	УО -угостител. објект	Нмах=6,5м	200	103	206	51	1.0		5	
7	УО -угостител. објект	Нмах=6,5м	190	103	206	54	1.0		5	
			МОДУЛ 2							
8	ГК-гаражна куќа	Нмах=5,5м	2 884	1 555	3 110	50	1.1	204	/	/
9	**АО**-администр. објект	Нмах=7,5м	4 620	1 771	3 542	38	1.1	70	/	/
10	**Б**-градски базен	соблекув. Нм=3,5м	6 256	160	160	/	/	/	20	
11	**ТТ**-тениски терени	соблекув. Нм=3,5м	4 852	50	50	/	/	10	/	/
12	**ТТ**-тениски терени	соблекув. Нм=3,5м	5 730	50	50	/	/	/	10	/

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-3187/1
13 јуни 2019 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА ШТИП * Штип

бр. на пар	намена	max. висина	површ. на парцела (m2)	п (m2) градба	нето п(m2) развиена	проц. на изграденост %	коеф на искорист.	паркирање во парц површин.	надвор од парц. повр	подземно во парц.
				МОДУЛ 1						
1	градски стадион	Hmax=16m	31 636	8 650	11 650	37	37	35	520	95
2	меѓуградска авт. стан	Hmax=Hпос	5 700	1 815	1 815	32	0.3	/	36	/
3	градска авт. стан	нета објект настрашница	2 042	/	/	/	/	/	/	/
4	УД -трговија	Hmax=7.0m	1 220	287	574	24	0.5	11	/	/
5	УД -сервис за возила	Hmax=7.0m	707	209	418	30	0.6	8	/	/
6	УО -угостител. објект	Hmax=3.2m	200	103	103	51	0.8	/	5	/
7	УО -угостител. објект	Hmax=3.2m	190	103	103	54	0.8	/	5	/
				МОДУЛ 2						
8	ГК-гаражна куќа	Hmax=5,5m	2 884	1 555	3 110	50	1.1	204	/	/
9	АО-администр. објект	Hmax=7,5m	4 620	1 771	3 542	38	1.1	70	/	/
10	Б-градски базен	соблекув. Hm=3,5m	6 256	160	160	/	/	/	20	
11	ТТ-тенски терени	соблекув. Hm=3,5m	4 852	50	50	/	/	10	/	/
12	ТТ-тенски терени	соблекув. Hm=3,5m	5 730	50	50	/	/	/	10	/

НАМЕНА НА ПОВРШИНИ ВО ОПФАТОТ	МОДУЛ 1 П(m2)	МОДУЛ 2 П(m2)	ВКУПНО П(m2)	%
СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА	27 969	16 708	44 677	29.0
ГРАДСКА И МЕЃУГРАДСКА АВТ. СТАН.	7 740	/	7 740	5.0
КОРИТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА	12 202	10 325	22 527	18.2
АДМИНИСТРАЦИЈА	/	1 044	1 044	0.70
УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ	15 000	/	15 000	9.7
УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ	390	/	390	0.25
ПАРКИРАЛИШТА	4 197	7 007	11 204	7.3
ГАРАЖНА КУЌА	/	2 884	2 884	1.87
КОЛСКИ И ПЕШАЧКИ СООБРАЌАЈ	12 540	23 411	35 984	20.0
ЗАШТИТНО ЗЕЛЕНИЛО	3 490	8 870	12 360	8.00
ВКУПНО П(m2) НА ОПФАТ	83 138	70 662	153 800	100.00

Граница на опфат на урбано подрачје

Просторот кој е предмет на разработка опфаќа површина од 13,90 ха и претставува простор наменет за спорт и рекреација околу река "Брегалница".

Границите на опфатот се движат по :

- од југоисток започнува од улицата "Партизанска"
- од југозапад по река "Брегалница"
- од север по бул. "Гоце Делчев"
- од североисток по ул "Борис Кидрич".

Намена на површини

Површината на опфатот на овој план во рамките на усвоениот ГУП и предложениот ДУП е наменета за :

- Простор наменет за спор и рекреација
- Простор наменет за автобуска станица - градска и меѓуградска
- Простор наменет за регулација на коритото на река Брегалница

Спорт и рекреација

Просторот наменет за спорт и рекреација зафаќа површина од 4,5 ха од кој најголема површина (3,16 ха) зафаќа градскиот стадион.

Во склоп на оваа зона се предвидуваат и други содржини од спортот и рекреацијата - отворен базен за капење, тениски терени во чиј склоп ќе има соблекувални за спортистите. Во овој комплекс има и угостителски објект и административен објект наменет како седиште на сите спортски клубови во градот.

Градскиот стадион зафаќа површина 3,16 ха, зоната за градба на трибините 8 650 м². Се предвидува сите потребни содржини да се јават во подтрибинскиот простор-околу 3 000м², а на трибините да се сместат околу 15 000 попсетители. Влезови се предвидени од сите страни, а како главни влезови се предвидени да бидат влезовите откај автобуската страница. Тука се јавува едно поголемо пешачко плато за прифаќање на посетителите, тука се наоѓаат и главните билетарници. Под ова плато се наоѓа простор за паркирање на возила. Самата локација на градскиот стадион е многу мала, сместена во постојно градско јадро и нема многу слободни површини околу него за паркирање. За да се задоволи условот за паркирање (на 20 посетители едно место за паркирање - потребни се 750 места), паркирањето е решавано и од другата страна на реката кај другите спортски терени. Посетителите до стадионот ќе дојдат преку новопредвидениот пешачки мост преку река Брегалница.

За спортистите, судиите, противпожарните возила и сл., предвидена е посебна сервисна сообраќајница за службен влез со потребен простор за паркирање каде што нема да има допир со публика.

Во табеларниот преглед е дадено Нмах за трибините, но истовремено оставено е слобода на проектантот преку решението и нагибот на трибините што ќе ги одбере за најоптимални, да дојде до потребната висина на трибините на највисокиот дел и максимална искористеност на подтрибинскиот простор.

Јавни објекти - административна зграда

Во просторот наменет за спорт и рекреација покрај градскиот базен предвиден е нов административен објект во кој ќе бидат сместени сите спортски клубови во Штип. Висината на овој објект изнесува 7,5 метри.

План на зелени површини

Во рамките на опфатот е предвидено зеленило. Најголем процент на зеленило е предвидено покрај речното корито, тениските игралишта и

околу паркиралиштата. При разработката на комплексот ќе биде потребно да се води сметка и за озеленувањето внатре во комплексите, односно парцелите

План на парцелација

Деталниот урбанистички план во рамките на своите граници опфаќа површина од 15,8 ха.

План на површините за градба

Површините за градба се дефинирани согласно Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на просторот и Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање на објекти сл. в. на РМ бр: (02/02 и 50/03). Имено истите се дефинирани согласно поставени регулациони и градежни линии.

Регулационата линија го разграничува земјиштето на урбаниот блок за одредена намена, односно подрачјето за градење (градежна парцела) од земјиштето наменето за сообраќајници и други јавни површини.

Растојанието меѓу две регулациони линии го определува профилот на сообраќајницата, со минимална димензија на коловозот од 6.0 м во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за уредување на јавни патишта.

Градежната линија е линија до која може да се гради објектот , или таа го означува растојанието од регулационата линија, односно од границата на парцелата, истата ќе биде подетално третирана со детален урбанистички план или урбанистички проект.

Урбанистичко архитектонски услови за градба

Планот предвидува урбанизација со почитување на сите законски определби и нормативи.

Процентот на изграденост на парцелите како и коефициентот на искористување на земјиштето поставени се во зависност од намената на објектите, а се во рамките на дозволените параметри според Правилникот.

Максималните габарити на архитектонските елементи треба да се движат внатре во веќе опишаните граници. Истите ќе бидат утврдени со изработката на идејните решенија на објектите.

Архитектонска обработка на фасадите на објектите, крововите и друго ќе биде со примена на нови градежни материјали и примена на нови технологии на градење. Покривањето треба да биде со коси крововi со оглед на големите температурни разлики на поднебјето, со мах. нагиб од 1:3.

Пристапот до објектите и до заедничките содржини ќе биде решен со пешачки пристапни патеки и со приоди за лесни моторни возила и товарни возила, во зависност од намената на објектот.

Сообраќајна инфраструктура

Во локалитетот кој е предмет на изработка на овој ДУП сообраќајот има примарно значење заради постојните содржини во опфатот и

предвидената намена со ГУП. Овој опфат го тангираат двете градски магистрали ГМ - 1 бул." Гоце Делчев " која го поврзува централното градско подрачје со индустриската зона и излезот од градот и ГМ - 2 бул."Партизанска" која оди од центаралното градско подрачје према

населба "Баби" и претставува дел од регионалниот пат Р 601 за "Плачковица". Третата сообраќајница која го заоокружува овој опфат е дел од ул. "Борис Кидрич" која оди од центарот на градот до раскрсницата "Дујле" и до стариот камен мост на р. Брегалница каде после него се спојува со бул. " Гоце Делчев".

Внатре во зоната има предвидено две нови сообраќајници, едната е за пристап до стадионот од северната страна, а другата е за пристап до базенот, тениските терени и паркиралиштата околу нив. Ширините на новопредвидените сообраќајници е 6.0м со 2х1.5м тротоар.

Сообраќајот во мирување (паркирањето), за градскиот стадион и за другите спортски терени е решено околу овие две нови сообраќајници. Стадионот како најголем објект во овој опфат бара и најповеќе места за поркирање . За максимален капацитет на стадионот (за 13-15 000 гледачи) потребно е 650-750 места за паркирање. Овие паркиралишта се обезбедени околу отворените спортски терени и гаражната куќа која е со две нивоа над теренот и едно ниво под теренот и може да прими околу 200 возила. Гледачите до стадионот и влезовите во него ќе дојдат преку новопредвидениот пешачки мост на р. Брегалница. Помал дел за паркирање има и покрај економскиот влез, од каде ќе доаѓаат екипите, судиите и други службени лица и тој ќе биде службен паркинг, и друг дел за паркирање под пешачкото плато кај главните влезови одкај автобуската станица.

Бидејќи максималниот капацитет на стадионот и паркинзите ќе се полнат периодично односно само во одредени денови и при поголеми натпревари, паркинзите кај отворените терени ќе се користат и за нив. Исто така при максимална посета на стадионот ќе има и посебен режим на сообраќајот, сите околни паркинг - простори во нас. " 8 ми ноември " ќе бидат наменети за паркирање во функција на стадионот. На ваков начин ќе биде решен проблемот со паркирање.

Тротоарите на изведените сообраќајници (бул. "Партизанска", ул. "Борис Кидрич"...) се изведени према предвидените ширини зададени во ГУП, каде има можности тие се изведени и пошироки. Кај главните влезови на стадионот откај автобуската станица има пошироко плато за прифаќање на пешаците. При максимален капацитет на гледалиштето поголем дел од публиката се претпоставува дека ќе дојде откај паркиралиштата преку пешачкиот мост, со што не се нарушува другото движење на возила и пешаци кои не се поврзани со спорските терени, а треба несметано да дојдат до автобуската станица или само да поминат по тротоарите.

Решенија за отстранување и спречување на архитектонски бариери за инвалидизирани лица

Со цел да се спречат архитектонските бариери при движење на инвадилизирани лица се предвидува, тротоарите непосредно пред раскрсниците да се изведат со благи рампи кон коловозот. Исто така пред

секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и спортските објекти каде ќе доаѓа публика.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација на врз основа на податоци за постоечката состојба добиени од ЈП Исар - Штип. Планираната состојба е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација од постоечка водоводна инфраструктура постои:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев.

- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ. На преминот преку мостот оваа линија е изведена од челична цевка ф 300 мм и истата е водена воздушно
- После мостот истата е изведена од АЦ ф 300 мм и продолжува по Булевар Гоце Делчев кон ул.Гоце Делчев. Целата ова водоводна делница е со траса приближно со границата на опфатот.
- Бунар со водоводна линија кон локалитетот Фортуна изведена од ПВЦ ф 160 мм. Овој цевковод е дотур на сирова вода, непреработена која од П.Ст. на локалитетот Фортуна се води кон филтер станица. Трасата на овој цевковод е од десната страна на река Брегалница и истата го минува мостот на р.Брегалница од десната страна.
- Непосредно пред домот за сместување на средношколци постои водоводна линија за која нема податок за профилот на цевка и типот на материјал. Позната е само приближно локацијата на оваа водоводна линија.
- Во овој дел од градот не постои ПП хидрантска мрежа.

Што се однесува до канализационата инфраструктура постоечки линии се:

- Колектор изведен од ф 1200 мм од бетонски цевки од двете страин на река Брегалница до сифонскиот спој од каде колекторот продолжува со траса од левата страна на река Брегалница.
- Крак под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип. Кон овој крак е приклучена канализациона линија која поминува во непосредна близина на угостителскиот објецт Мал одмор.
- Канализациона линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом. Оваа линија е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица.
- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм.

секој влез во објектите потребно е да се постави рампа за движење на инвадилизирани лица посебно пред јавните објекти и спортските објекти каде ќе доаѓа публика.

Проектирана состојба за водоснабдување и евакуација на отпадни води

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација на врз основа на податоци за постоечката состојба добиени од ЈП Исар - Штип. Планираната состојба е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација од постоечка водоводна инфраструктура постои:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев.

- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ. На преминот преку мостот оваа линија е изведена од челична цевка ф 300 мм и истата е водена воздушно
- После мостот истата е изведена од АЦ ф 300 мм и продолжува по Булевар Гоце Делчев кон ул.Гоце Делчев. Целата ова водоводна делница е со траса приближно со границата на опфатот.
- Бунар со водоводна линија кон локалитетот Фортуна изведена од ПВЦ ф 160 мм. Овој цевковод е дотур на сирова вода, непреработена која од П.Ст. на локалитетот Фортуна се води кон филтер станица. Трасата на овој цевковод е од десната страна на река Брегалница и истата го минува мостот на р.Брегалница од десната страна.
- Непосредно пред домот за сместување на средношколци постои водоводна линија за која нема податок за профилот на цевка и типот на материјал. Позната е само приближно локацијата на оваа водоводна линија.
- Во овој дел од градот не постои ПП хидрантска мрежа.

Што се однесува до канализационата инфраструктура постоечки линии се:

- Колектор изведен од ф 1200 мм од бетонски цевки од двете страин на река Брегалница до сифонскиот спој од каде колекторот продолжува со траса од левата страна на река Брегалница.
- Крак под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип. Кон овој крак е приклучена канализациона линија која поминува во непосредна близина на угостителскиот објецт Мал одмор.
- Канализациона линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом. Оваа линија е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица.

- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм.

- Канализациона линија со прфил ф 200 мм која минува помеѓу автобуската станица и стадионот и се вклучува во колекторот.

За потребите на ДУП за Спортско-рекреативен центар "Брегалница" изготвена е фазата Водовод и канализација за планираниот период и истата е ускладена со плановите за рекострукција и идно проширување на водоводната и канализационата инфраструктура.

На предметната локација планирани се следните зафати на водоводната инфраструктура:

- Водоводна линија по ул.Булевар Партизанска изведена од АЦ цевки ф 300 мм која продолжува по границата на опфатот на предметниот ДУП кон подвозникот на ул.Гоце Делчев да се реконструира , замени со ПЕ 100 цевки НД 350 мм Истата да биде со траса во зеленилото на булеварот.
- Водоводна линија по улицата Борис Кидрич од левата страна на улицата во правец кон постојниот мост на р.Брегалница со профил ф 300 мм и материјал АЦ да се замени со ПЕ 100 цевки НД 350 мм. За замена е предвиден и делот после мостот која од АЦ ф 300 мм треба да се промени во ПЕ 100 НД 350 мм се до спојот на Булевар Гоце Делчев со ул.Гоце Делчев.
- Како нови линии се предвидени еден крак од новопредвидена приклучна шахта на ул.Борис Кидрич кон паркинзите пред службениот влез во стадионот која треа да биде НД 90 мм ПЕ 100 и

- новопредвидена линија од приклучната шахта кај раскрсницата кај автобуска станица кон предвидените паркинзи со дијаметар НД 63 мм. Со овие линии ќе се снабдуваат со вода корисниците во просторот под трибините.
- Предвидени се и три ПП хидранти чии локации се дадени во графичките прилози при што е водено сметка истите да бидат на макс. растојание од 150 м.

Што се однесува до канализационата инфраструктура планирани се следните зафати:

- Кракот под ул. Гоце Делчев со правец кон Мебел - Штип ќе се замени со нова линија која ќе биде со траса од ул.Гоце Делчев во дното на насипот на истата , под истата улица кон новопредвидените паркинзи во непосредна близина на базенот па се до шахтата на постоечкиот сифон. Оваа линија треба да биде ПЕ нд 315 мм.
- Канализационата линија по улицата Булевар Партизанска во тротоарот пред средношколскиот дом која е со променлив профил од ф 70мм до ф 200 мм со правец на течење кон раскрсницата кај автобуската станица да се замени со нова линија ПЕ ф 200 мм.
- Канализациона линија од подвозникот под улица Гоце Делчев кон раскрсницата кај автобуската станица изведена од ПВЦ цевки ф 200 мм останува истата поради фактот што и по профил по планирани проширувања ке ги задоволи потребите на тој дел од опфатот.
- Канализациона линија со профил ф 200 мм која минува помеѓу автобуската станица и стадионот и се вклучува во колекторот која е со

профил ф 200 мм не е спорна според профилот на цевка туку поради непрописно приклучување во колекторот од кои причини истата треба комплет да се реконструира.

- Објектите под трибините канализационо ќе гравитираат , од службениот влез кон колекторот , а од влезот од страна на автобусктата станица кон новата , горе споменатa канализациона линија .

Планирана ел.енергетска инсталација, улично осветлување и телефонска инсталација

Со изградбата на новите објекти предвидени со планот, ќе дојде до зголемена потрошувачка на електерична енергија.

Во опфатот на овој план се предвидува изградба на три нови ТС 10/0,4кв. со снага од 2х630КВА од кои двете ќе бидат сместени во подтрибинскиот простор, а третата ќе биде сместена кај базенот. Поврзувањето на овие трафостаници ќе биде од постојните кај "Мал одмор" и кај ученичкиот дом "Браќа Миладиновци.

Трафостаниците во парцелата на стадионот ќе бидат наменети исклучиво за потребите на стадионот и неговото осветлување.

Улично осветлување

Сообраќајници во локалитетот по поглед на светлотехничките параметри се класифицираат во следните класи:

- класа "1" главни сообраќајници
- класа "2" споредни, локални
- класа "3" паркинг простори

Телефонска мрежа

За дефинирање на потребниот број на телефонски приклучоци, од првостепено значење е намената на објектот. Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према потребите и за јавните функции на секои 50 м2 по два телефонски приклучоци.

Начинот на изведба и поврзување на телефонските приклучоци, треба да биде извршено до најблиската автоматска реонска телефонската централа, а во согласност со АД "Македонски Телекомуникации" - Подружница Штип.

Мерки за заштита

Мерки за заштита од загадување

Просторот што го зафаќа планот е на површина од 13,9 ха и е во градско подрачје околу река Брегалница.

Основни загадувачи на просторот претставуваат постоењето на моторен сообраќај и непосредната близина на автобуската станица односно таа се наоѓа во самиот опфат. Имајќи ја оваа состојба во предвид , може да

се изврши поделба на две основни групи на загадувања со дадени основни смерници и мерки за заштита на истите:

- аерозагадување и мерки за заштита
- загадување на почва и подземни води и мерки за заштита
- извори на бучава и мерки за заштита .

а. Аерозагадување и мерки на заштита

Во сегашната состојба како загадувачи на воздухот се јавуваат издувните гасови од возилата кои се движат по постојните улици.

За подобрување на квалитетот на воздухот во локалитетот, на сите слободни површини предвидени се зелени површини.

б. Загадување на почва и мерки за заштита

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Со тоа ќе се спречи загадување и на почвите и на подземните води, а со тоа и на животната и работна средина-воопшто.

в. Извори на бучава и мерки на заштита

На локалитетот не се предвидени содржини кои би можеле да бидат извори на штетна бучава.

Мерки за заштита од пожар на објектите

Во објектите предвидени со планот во смисла на мерки на заштита од пожар, одреден број лица вршат некоја дејност редовно или времено и во кои можат да престојуваат подолго или пократко време и други лица како на пример жители, посетители, вработени, купувачи и други.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 6,0 м. со што се овозможува лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Со планирањето на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со законот за заштита на пожар.

Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа е предвиден прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник Ф 80мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од Ф 80 мм се поставуваат противпожарни хидранти

чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку 80 мм. Хидрантите се поставени на меѓусебно растојание од 80 до 150 м. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

На растојание од 2.5 км постои ПП дом, па затоа не е потребно да се предвидува посебна противпожарна станица.

Мерки за заштита од воени разурнувања

Како посебен вид на заштита треба да се третира и засолништето кое треба да се предвиди во објектите како второстепена функција на некој простор доволно димензиониран по сите стандарди и лесно пристапен и адаптабилен за кус период.

Заштита од природни непогоди

Со оглед дека територијата е изложена на сеизмичко дејство со интанзитет од девет степени по MCS скалата, потребно е применување на принципите на асеизмичко градење на објектите.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот за сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила.

ОСНОВНИ ПАРАМЕТРИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

1. Параметрите во однос на процентот на изграденост, како и на коефициентот на искористување на земјиштето се во рамките на превидените со правилникот и се дадени во табелата во синтезниот графички прилог за секоја парцела оделно.
2. Максималните висини на предвидените објекти се дадени пооделно.
3. Висината на кровот во целост отстапува од максималната или дозволената висина на изградба. Таа се дефинира како висина на слеме (највисока точка на кровот) и се изразува во должни метри. Од висината на слемето отстапуваат само линијските вертикални технолошки инсталации.
4. Висината на слемето на сите објекти опфатени со овој план е до 3,5 м. над максималната или дозволената висина на изградба.
5. Потребите за стационарен сообраќај (паркирање и гаражирање) ќе ги решава секој корисник на урбаното подрачје пооделно во рамките на расположивата локација, а во зависност од неговите потреби и одредбите на Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот ("Сл.весник. на РМ", бр. 02/02; 50/03). Услов што треба да

биде исполнет при издавање на одобрение за изградба е обезбедување на паркирање на потребениот број возила во рамките на парцелата односно опфатот.

6. Заради специфичните намени во просторот, секоја урбанистичка парцела ќе се реализира со изработка на Идеен урбанистичко-архитектонски проект.

7. При изградба на нови објекти и содржини во просторот се применуваат мерките за спречување на бариери во просторот односно се овозможува непречено движење на хендикепираните особи особено во делот на достапноста до јавните објекти.

8. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

9. Условите за изградба на сите видови на објекти, треба да содржат и посебните услови за изведба на приклучоците или уредите за снабдување со вода, електрична енергија, телефонија и одводнувањето на отпадните води.

10. При оформување на содржините се применуват соодветни мерки за заштита на елементите на животната средина, оформување на зеленило при уредувањето на дворните места на јавните објекти, а во зоната на сообраќајниците линеарното зеленило и и другите слободни простори како слободниот простор во и околу коритото на река Брегалница.

11. Сметот ќе се одлага во заеднички контејнери лоцирани на погодни места во рамките на урбаниот опфат.

12. Локациите на заедничките контејнери и нивниот број ги определува со посебна одлука органот на управа на Општината. Локациите мораат да бидат достапни за возилата за подигање на контејнерите и уредени во согласност со онојшто ќе го евакуира ѓубрето во регионална односно општинска депонија.

Изработил,
Дипл.инж.арх. Весна Василева

Јавно претпријатие за урбанизам, градежно земјоделување "ШТИП-ПРОЕКТ" п.о. ШТИП

арх. Василева

ЗБИРЕН ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ

СУ
ТР
АД
МЛ
СР
СК
МС
ЗЗ
ДИ
ПРЕБЕГ
УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ
ТЕНИСКИ ТЕРЕНИ
СТ
река Брегалница
граница на опфат

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Граница на ДУП
по катастарски парцели

Граница на ДУП
по наменска зона

Граница на ДУП
по катастарски парцели

Граница на ДУП
по катастарски парцели

Граница на ДУП

Граница на ДУП
по стар ДУП

Граница на ДУП
по осовина на Река од ГУП

ОПШТИНА
ШТИП

АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА
ПОДЛОГА

К.О. ШТИП-1,К.О. ШТИП-5

ЛЕГЕНДА:

- Граница на плански опфат
- Граница на катастарска парцела
- Помошни линии во парцела
- Нова состојба
- Камена ограда Габиони
- Бекатон улица
- Бекатон патека
- Земјен Пат
- Асфалтирана улица
- Ограда
- Подвозник
- Тротоар
- Изохипси
- Индивидуална зграда
- Деловен објект
- Помошен објект
- Дециметарска мрежа
- Каменјар
- Чешма
- Хидрант
- Rz Резервоар
- Подземен хидрант со затвара
- Надземен кабловски ормар
- Трансформатор
- Далековод низок напон бетонски
- Далековод низок напон дрвен
- ПТТ столб
- Ревизионо окно-правоаголно
- Ревизионо окно-кружно
- Сливник
- Јарбол
- Полигонометриски точки
- Падна линија
- Улици
- Z Знак за припадност
- Бетонска ограда
- Пасиште
- Ливада
- Бунар
- Бетонска ограда на зид
- Жичана ограда на зид
- Вештачки водотек

		Дн.бр 70/2024-3
		Дата 03.06. 2024год.
КО Штип-1, КО Штип-5, Општина Штип		Размер 1:1000
Прилог:	Ажурирана геодетска подлога	Прилог бр.1
Изготвил:	инж.геодет Александар Лазаров	Овластен геодет Александар Лазаров